Official Gazette of Bosnia and Herzegovina (2008) Okvirni zakon o zaštiti i spašavanju ljudi i materijalnih dobara od prirodnih ili drugih nesreća u Bosni I Hercegovini, „Službeni glasnik Bosne i Hercegovine" (General Framework Law on Rescue and Protection), No. 50/08.

Official Gazette of the Republic of Srpska (2012). Zakon o zaštiti i spasavanju u vanrednim situacijama (Law on Rescue and Protection in an Emergency) No. 121/12.

Sijercic, I. T. (2018, August 13). Sacrificing in the name of borders: Civil Defense in Bosnia and Herzegovina . Retrieved from Bilten, regional portal: https://www.bilten.org/?p=24541

Smailbegović, A., Korajlić, N. and Ahić, J. (2018). The case for helicopters and integrated communications in Bosnia-Herzegovina: Lessons learned from the floods of 2014. Criminal Justice Issues / Journal of Criminal Justice and Security 18(5-6), p. 329-336

Smajic, M. (2020). Security Aspects of Crisis Management during COVID-19 Pandemic: Case Bosnia and Herzegovina. Professional magazine in the field of protection and rescue Z&S; April 2020 Issue, P. 15-19.

Stojarová, Věra. (2019). Unifying the Armed Forces of Bosnia and Herzegovina – mission completed?. Vojenské rozhledy. 28. P.71-82. 10.3849/2336-2995.28.2019.03.071-082.

Zoric, Z., & Culibrk, Z. (2017). Civilna Zastita u Bosni i Hercegovinu kroz prizmu institucionalne teorije organizacije. Vojno Delo Vol. 7, p.78-86.

# ПРИДОБИВКИТЕ ОД ПОЛИЦИСКИТЕ РЕФОРМИ ВО ОСНОВНОТО ПОЛИЦИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

м-р Младен Трајков
пензиниран виш полициски советник – обучувач
Министерство за внатрешни работи
Центар за обука
E:mail: mladen.trajkov@gmail.com

**АПСТРАКТ**

Полициското образование на основниот кадар од 1945 година до денес се карактеризира со помали и поголеми осцилации во неговото времетраење кое се движи во распонот од 3-месечни курсеви до 4-годишно стручно образование, кое е менувано според потребите на државата но и според надворешните влијанија за кои станува збор во трудот. Во првиот дел е претставено движењето на обуките и образованието како цикличен процес поврзан со развојот на општеството и развојот на Република Северна Македонија до денес.

Во вториот дел се претставени придобивките и аномалиите кои ги носи поодделниот вид на обуки и образование. На крајот, во делот наместо заклучок е претставена извлечената поука за позитивните и негативните ефекти од поодделните видови обука и образование, како и дадената сугестија и размислување - што да се направи за произведување на стручни полициски кадри кои ќе придонесат за зголемување на безбедноста и довербата кај граѓаните, зголемување на ефективноста и ефикасноста во работењето а особено во професионалноста на кадарот.

**Клучни зборови**: *полициски реформи, полициско образование, придобивки, аномалии.*

## BENEFITS FROM POLICE REFORMS IN PRIMARY POLICE EDUCATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**ABSTRACT**

The basic education of the police from 1945 to the present is characterized by smaller and larger oscillations in its duration, which ranges from 3 months of courses to 4 years of vocational education, which is changed according to the needs of the state but also according to external influences. in labor. In the first part, the movement of training and education is presented as a cyclical process related to the development

of society and the development of the Republic of North Macedonia to this day. The second part presents the benefits and anomalies that bring them to the individual type of training and education. In the end, instead of a conclusion, the lesson is presented, the lesson learned about the positive and negative effects of individual types of training and education, as well as the given suggestion and reflection on what to do to produce professional police personnel who will contribute to the future citizens, increasing the efficiency and effectiveness in the work and especially in the professionalization of the staff.

**Key words:** police reforms, police education, gains, anomalies

## ВОВЕД

Кога станува збор за процесот на реформи – промени во Република Северна Македонија, основно е да се напомни дека, истите се настанати како изнуден производ на: воените дејствија во 2001 година, измените на Уставот како резултат на Охридскиот договор, имплементацијата на уставните измени, потребата за враќање на мирот во општеството, остварувањето на партиските потреби и желби, прифаќањето на определени процедури за кои ефектот е рушење на безбедносниот систем, (отворање на досиејата на безбедносните служби, објавување на соработниците на службите, процесот на лустрација, вработување, исклучително, партиски кадри на високи и раководни позиции во службите за безбедност како и основен кадар во армијата и полицијата). Бидејќи сè ова не беше доволно, се пристапи на менување на концептот на основно полициско образование од четиригодишно средно образование на едногодишно образование **(обучување преку курсеви),** на веќе оформени личности, нешто слично како во периодот после Втората светска војна, кога се вршела **обука** на кадарот, преку курсеви (прво за описменување а потоа за вршење на тогашната милициска работа), а не постоело основно полициско образование. Дали се вративме речиси 60 години station наназад и зошто е тоа така, одговорот лежи во текстот кој е пред Вас.

## 1. РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ОД 1945 ДО 2020 ГОДИНА

Основното полициско образование е поврзано, пред сè, со можностите и потребите на државата, а не со потребите на поединци, па дури и да се здружени во некоја политичка гарнитура, која во тој момент е на власт во одредена држава. Ако на ваков начин е поставен концептот на основното полициско образование, тогаш станува јасно дека државата: избира, школува и произведува образован полициски кадар, кој верно, непоколебливо и долгорочно ќе се грижи за општественото добро на државата и граѓаните, што ќе биде изразено преку неговото работење. Прашањето е, дали секогаш тоа е

така поставено, образование наспроти државните потреби и интереси. За да можеме да одговориме ќе се обидеме да го објасниме образовниот процес на полициските кадри низ историјата на Република Северна Македонија во периодот од Втората светска војна па до денешни дни, користејќи го *историско-компаративниот метод* заедно со *методот на анализа на содржина на документи*, надополнет со долгогодишно лично искуство.

Повоениот период после Втората светска војна, се карактеризирал со многу голема сиромаштија, остатоци од многу вооружени групи, вршење на разбојништва и кражби на добиток, прехранбени продукти и сé што можело да се украде (да се пронајде) од осиромашениот народ. Во такви услови, кога освен воените формации на народноослободителните одбори, немало кој друг да се грижи за безбедноста, водечката улога ја презема ОЗНА„„безимена ОЗНА“ (ОЗНА е кратенка од Одделение за заштита на народот)[2] и штабовите на командите, поради што и тогашните  лица, кои се грижеле за безбедноста на граѓаните и имотот биле **жандармите**. Жандармите биле лица, кои доброволно стапувале во служењето на овие сили, голем број од нив биле и неписмени (необразовани), па така на почетокот се пристапило кон нивно описменување а подоцна и кон нивно обучување за вршење на жандармериската служба која тогаш била воена служба. Првите почетоци на обука на народната милиција во Федеративна Народна Република Југославија – ФНРЈ,  Федеративна Единица Македонија – ФЕМ, се забележани како курсеви кои се одржувале од страна на командите на воените бригади и нив ги имало во: Скопје, Тетово и Кратово. За дел од нив се знае дека биле организирани во постојните училишта за време на летниот распуст а **курсевите траеле по три месеци и на нив присуствувале по околу 30до 60 курсисти. Најраните почетоци на образование на милиционерскиот кадар датираат некаде од почетокот на 1946 година и тоа курсевите траеле по неколку недели (првите два курса се одржале во Основното училиште „Даме Груев“ во Скопје во Општината Чаир, каде во првиот курс се обучени 30 а во вториот 40 кандидати за милиционери)**[3].

Ваквиот тренд на обука продолжил во периодот од 1946 до 1953 година, кога во Скопје започнал новиот концепт на курсеви кои се организирале и траеле по **шест месеци**, и од тогаш започнало користењето на просторот на денешниот Центар за обука на Министерството за внатрешни работи на

[2] Инаку ОЗНА формално правно е формирана  со Наредба на врховниот командант на НОВ и ПОЈ – другарот Тито, на 13 мај 1944 година во ДРВАР, и тоа е официјалното формирање на Службата за безбедност, Списание Безбедност бр.1, 1974 стр.5

[3] Податокот е изнесен од страна на директорот на Центарот за образование на кадри за областа на безбедноста и општествена самозаштита „Елисие Поповски-Марко“ проф. Јордан Спасевски, на свечената седница по повод ДЕСЕТГОДИШНИНАТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ПРОМОЦИЈАТА НА ПРВАТА ГЕНЕРАЦИЈА ДИПЛОМИРАНИ ПРАВНИЦИ, одржана на 21 декември 1981 година,  во просториите на  Центарот, а објавен во списанието на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СР Македонија, Безбедност бр.1 , Скопје, јануари – февруари 1982 год.,  стр.38.

Република Македонија во село Идризово, веднаш до Казнено-поправната установа Затвор-Идризово. Уште во тој период биле воспоставени соодветни критериуми за прием на лица на курсевите за народна милиција кои биле пропишани во: **„ВРЕМЕНИ НАПАТСТВИЈА за организацијата и функциите на народната милиција во Федерална Македонија“[4], од 1945 година.** Во четвртата глава **ПОПОЛНУВАЊЕ НА МИЛИЦИОНЕРСКИОТ КАДАР,** се определува кои кандидати може да бидат примени за милиционери и кои услови треба да ги исполнуваат.

Најзначајно е да се напомне дека, предност имаат борци од Народно-ослободителната борба (НОБ), но и тие треба да исполнат определени услови кои се пропишани:

1. да е поданик на Демократска Федеративна Југославија, македонски граѓанин;
2. да е телесно и душевно здрав;
3. да го исполнил военото задолжение;
4. да има навршено 18 години, а да не е постаро од 30 години;
5. да е писмен, чесен и да има беспрекорно минато;
6. да не ги изгубил граѓанските и политичките права[5].

Ова се воспоставените критериуми кои во најголем дел важат до денешен ден, се разбира, видоизменети според денешните услови.

Важноста на овој вид на обука била продолжена и функционирала малку подолг период, а значајно е тоа дека, кандидатите кои земале учество во обуката, биле обучувани од искусни офицери и **обуката на курсот во училиштето траела (4) четири месеци и (2) два месеца спроведување практика** на местото каде што ќе работат.

Концептот, за првпат се менува дури во 1958 година, кога на сцена стапиле интересите на безбедноста на државата и потребата од подобро едуциран кадар, кога од страна на тогашниот министер (републички секретар на Секретаријатот за внатрешни работи) е донесено Решение за формирање на **Средно стручно училиште за внатрешни работи** за потребите на: Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, затворите, судовите и ПП бригадите во Македонија. ***Стручното училиште за внатрешни работи кое било основано со Решение бр.21-18675/1 од 25.08.1958, е донесено од Државниот секретаријат за внатрешни работи на Народна Република Македонија.***

Овој тип на образование започнал да функционира од училишната 1958 година, при што имало по еден клас од околу триесетина ученици кои учеле **(2) две години** во училиштето ако биле редовни ученици, а ако биле веќе вработени како милиционери, тогаш нивното образование траело **(4) четири години**. Кандидатите кои завршиле во ова Средно стручно училиште, се третирале како да имаат завршено вишо образование и биле распоредувани на

---

[4] „Службен весник на Федерална Македонија“, бр.18 од вторник 4 септември 1945 год. стр.1

[5] „Службен весник на Федерална Македонија“, бр.18 од вторник 4 септември 1945 год. член 33

раководни позиции. Дел од нив, заради стекнување на нови знаења и вештини и специфични обуки, биле испраќани на обуки во Сремска Каменица каде функционирало најстарото милиционерско училиште од тоа време на територијата на СФРЈ.

Овој континуиран процес продолжил сѐ до 1971 година, кога се формирало и започнало со работа **Средното училиште за внатрешни работи**, според **Закон за средно училиште за внатрешни работи во 1971 година**[6], кое подоцна го добило името „Елисие Поповски – Марко“. Оттука започнува класичното **четиригодишно (4),** основно милиционерско - полициско образование, кое според квалитетот и содржините на образованието, можело да му парира на кое било средно училиште во тогашната Социјалистичка Република Македонија и во СФРЈ. Четиригодишното образование завршува со примањето на VI класа во текот на учебната 1976 година која завршила во 1980 година. Во Социјалистичка Република Македонија (СРМ) се сменил концептот на средно образование во ***насочено образование***, каде што првите две години биле општо образование за сите средношколци а трета и четврта година насочено образование кое е во струката која ќе биде избрана. Ваквиот концепт за образование му се случил и на **Средното училиште за внатрешни работи,** во 1977 година, кога се формираше Центар за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита кога е донесен **Закон за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита** „Елисие Поповски – Марко“ **(ЦОКБОС)**[7]**,** ова е Законот со кој за првпат на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се формирала ***високообразовна институција*** во чиј состав функционирала и наставата за средно образование. Првите ученици кои го започнале овој концепт за ***насочено образование*** биле примени во учебната 1977/78 година а во трета и четврта година биле дојдени во училиштето во учебната 1980/81 година како VII класа ученици. **Двегодишното образование** продолжило и во годините кои следеле и овој експериментален неуспешен концепт завршил во учебната 1988/89 година.

Неуспешниот експеримент својата ода ја окончал оној момент кога надлежните лица според направените согледувања и анализи, процениле дека според овој начин на образование на милицискиот кадар, образованието е недоволно и непотполно, заради тоа во текот на 1988 година повторно бил вратен стариот систем со **четиригодишно образование**, по што и започнала новата училишна генерација во учебната 1988/89 година кога била примена XVI класа на ученици. Четиригодишното образование продолжило и во наредните години а последната генерација која го завршила образованието, според овој вид на четиригодишно образование, е генерацијата 1996/2000 кога завршило образованието на стручни лица кои ќе бидат за дополнување на основниот полициски кадар.

Кризата која ја зафати Република Македонија во текот на 2001 година и воените активности со дел од албанското население од дома и од надвор, го

[6] Објавен во „Службен весник на СРМ“, бр.39 од 15.12.1971 год.

[7] Објавен во „Службен Весник на СРМ“, бр.30 од 15.07.1977 член 3, став 2.

променија и воспоставениот систем и потребата за образование на основен полициски кадар.Токмуваквите услови на општественото живеење наложиле да се промени системот на образование на полицискиот кадар при што доаѓа до вмешување на меѓународниот фактор, кај кого е диригентското стапче, па тие одлучуваат а домашните власти прифаќаат и ги започнуваат **обуките** на мултиетничкиот полициски кадар, откако претходно се направени уставните измени.

Во текот на 2001 година, за потребите на полицијата, во согласност со измените и дополнувањето на Уставот, односно со примена на уставните амандмани, од страна на **Американската амбасада** во Република Македонија, преку **ИЦИТАП[8]** и во соработка со **ОБСЕ,** е спроведена првата мултиетничка полициска обука според наложените уставни промени за примена на принципите на правична и соодветна застапеност[9]. Во текот на периодот 2001-2003 година преку (3) тримесечни курсеви на мултиетнички полицајци, обучени од странски обучувачи-инструктори и наши професори и практичари, при што во текот на тие три години се обучени вкупно околу 1.300 полицајци.

**Табела бр. 1. Изведувачи на курсот, времетраење и број на учесници во текот на 2002 година**

| **Вид на курсот** | **Траење на курсот** | **учесници** |
|---|---|---|
| Основен полициски курс ИЦИТАП | 1х3 месеци | 106 |
| Основен курс ОБСЕ | 1х3 месеци | 97 |
| Основен курс ОБСЕ | 1х3 месеци | 152 |
| Основен курс ОБСЕ | 1х3 месеци | 277 |
| | | 632 |

**Табела бр. 2. Изведувачи на курсот, времетраење и број на учесници во текот на 2003 година**

| **Вид на курсот** | **Траење на курсот** | **учесници** |
|---|---|---|
| Основен курс ОБСЕ | 1х3 месеци | 285 |
| Основен курс ОБСЕ | 1х3 месеци | 345 |
| | | 630 |

[8] Оддел за правда на Соединетите Американски Држави Меѓународна програма за помош при водење на кривична истрага.

[9] Обуката е спроведена само врз основа на уставните амандмани а дури со Законот за дополнување на Законот за внатрешни работи објавен во „Службен весник на РМ“, бр.38 од 5.6.2002 година ова прераснува и во законска обврска за Министерството за внатрешни работи, според членот 48а „При вработувањето на лицата во Министерството да бидат соодветно и правично застапени и граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, како и да се почитуваат критериумите на стручност и компетентност“.

**Табела бр. 3. Етничка припадност на мултиетнички полицајци кои се обучени во соработка помеѓу ОБСЕ и МВР со домашни и странски инструктори обезбедени од ОБСЕ[10]**

| | |
|---|---|
| **Албанци** | **877** |
| **Македонци** | **202** |
| **Турци** | **76** |
| **Роми** | **42** |
| **Срби** | **27** |
| **Власи** | **11** |
| **Босанци** | **24** |
| **Вкупно** | **1259** |

Ваквиот тип на екстра кратки курсеви за основно полициско образование завршува во текот на 2003 година кога е донесен Законот за формирање на **Полициска академија**[11]**,** во којшто, во членот 11 став 4 е предвидено, основната обука за полицаец да трае 12 месеци од кои 3 месеци се предвидени за практична обука. Паралелно со овој концепт се одвиваат и други обуки во Полициската академија:

**Табела бр. 4. Основна обука за полицаец, времетраење и број на учесници**

| **Вид обука** | **Времетраење** | **Вкупен број** |
|---|---|---|
| **Основна обука за полицаец** | 5.4.2004 до 31.3.2005 (12 месеци) | **337 учесници** |

**Табела бр. 5. Менаџмент курсеви[12]**

| | |
|---|---|
| **I курс** | **10.6.2004 - 6.8.2004** |
| **II курс** | **31.1.2005 – 25.3.2005** |

**Табела бр. 6. Курс за инспектори**

| | |
|---|---|
| **Специјална обука за млади офицери** | **102 слушатела** |

**Табела бр. 7. Курс за даночни инспектори од УЈП**

| | |
|---|---|
| **јуни – ноември 2007** | **187 даночни инспектори** |

-основна полициска обука од 5.4.2004 до 31.3.2005 година **- 337 слушатели**
-обука на гранична полиција 2004/2005
-менаџмент курсеви од 10.6 до 6.8.2004 и вториот од 31.1.до 25.3.2005 година

[10] Табелата е подготвена според говорот на директорот на ЦОКОБ, генерал Ристо Галевски на промотивниот видеоматеријал за ЦОКОБ.
[11] Закон за полициска академија, „Службен весник на РМ“,бр.40 од 23 јуни 2003 година.
[12] Полициска академија 2003-2008, Скопје, 2008, стр.8.

-специјална обука за млади офицери (мултиетничка)[13].

Во Полициската академија продолжи и процесот на **оспособување на граничната полиција** преку **тримесечни курсеви** предводени од ОБСЕ, кои во текот на 2004 година почнале со обуката за која имале рок за околу една и пол година комплетно да биде обучена и трансферирана од АРМ (граничната бригада) во МВР (гранична полиција). Токму, заради краткиот временски интервал е започнато со интензивни ***тримесечни курсеви*** и тоа според следниов распоред:

**Табела бр. 8. Изведувачи на курсот, времетраење и број на учесници во текот на 2004 година**

| Вид на курсот | Траење на курсот | Учесници |
|---|---|---|
| Курс за гранична полиција ОБСЕ | 3 x 3 месеци | 765 |
| Курс за гранична полиција ОБСЕ и домашни инструктори | 1 x 3 месеци | 335 |
| Вкупно | | 1100 |

**Табела бр. 9. Изведувачи на курсот, времетраење и број на учесници во текот на 2005 година**

| Вид на курсот | Траење на курсот | Учесници |
|---|---|---|
| Курс за гранична полиција ОБСЕ и домашни инструктори | 2 x 3 месеци | 701 |

Овој концепт којшто започнува во 2003 година продолжува и до денешен ден и покрај тоа што се направени повеќе структурни и функционални промени на образовната институција за основна полициска обука. Имено, во текот на 2008 година е направена трансформациска промена на структурата на Полициската академија при што се формирани два образовни субјекта:

1. Факултет за безбедност, со **Закон за основање на високообразовна институција Факултет за безбедност во состав на Универзитетот Св. Климент Охридски - Битола, објавен во „“Службен весник на Република Македонија“, бр. 81 од 7. 7. 2008 година** и
2. Центар за обука, со **Закон за дополнување на Законот за внатрешни работи, објавен во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 84 од 11. 7. 2008 година.**

Интересен е фактот што од овој момент основното полициско образование повторно се враќа во состав на Министерството за внатрешни

[13] Содржините се преземени од едицијата, Полициска академија 2003-2008, стр.8.

работи, а го задржува концептот на ***едногодишна обука*** на основниот полициски кадар преку спроведување на курсеви.

Ваквата поставеност на основната полициска обука произлегува дека е еден ретрограден и дефектен процес кој наместо да произведува стручни, компетентни, одговорни и полицајци со интегритет, го прави сосема спротивното, што се гледа од секојдневните објави во средствата за јавно информирање и годишните извештаи на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството за внатрешни работи.

Ако сакаме да го видиме сегашниот систем на основна полициска обука малку од поблиску тогаш преку следниов табеларен приказ е многу подобро и попрегледно.

**Табела бр. 10. Преглед на времетраењето на основното полициско образование во Република Македонија од 1945 година до денес**

| Период | Времетраење на образованието и обуката |
|---|---|
| 1945-1957 | 3-6 месеци |
| 1957/58 -1971 | 2 години |
| 1971- 1980 | 4 години |
| 1980- 1989 | 2 години |
| 1988/89- 2000 | 4 години |
| 2001-2003 | 3 месеци основна полициска обука |
| 2004-2005 | 3 месеци (гранична полиција) |
| 2003-до денес 2021 | 1 година основна полициска обука |

## 2. ПРИДОБИВКИ И АНОМАЛИИ ОД СООДВЕТНИОТ ВИД НА ПОЛИЦИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Следејќи го општествениот развој на Република Македонија после Втората светска војна, може и да се разбере моментот и потребата од „инстант милиционери-полицајци“, преку нивна обука во модели на полициски курсеви, пред сѐ, за описменување, бидејќи имало многу мал број писмени луѓе, а подоцна и преку обука за вршење на милициска служба.

Периодот на стабилизација на државата, барал и повисок степен на образование и токму заради тоа, во текот на 1958 година се пристапило кон формирање на Стручно училиште специјализирано за милициско образование кое траело за редовните ученици 2 години, или имало зголемување за осум пати повеќе времетраење на обуката. Сепак, развојот на човештвото барал идните милиционери да бидат со сосема солидно образование и токму заради тоа е пристапено кон формирање на специјализирано средно училиште за образование на идните милиционери, кое траело 4 години. Ова е моделот којшто произведувал навистина квалитетни и сестрани личности, од коишто денес еден добар дел се професори на реномирани високообразовни институции во државата. Но, општествените промени, немањето на доволно

средства или скратувањето на буџетите, предизвикало потреба од промена на образовниот систем во државата преку воведување концепт на *насочено образование,* кој се рефлектира и во основното полициско образование, и започнува 1977 и трае до 1989 година, а образованието е со времетраење од 2 години. Увидувањето на грешката во образованието осакатува речиси десет генерации, по што повторно се враќа стариот (4)четиригодишен систем на основно полициско образование, кој се задржува се до 2000 година. ***Критичниот период за Република Македонија од 2001 година, во образовна смисла ја враќа 65 години station наназад, по што основното полициско образование сега повторно почнува од почеток како во 1945 година со 3(три) месечни курсеви, кои траат и во наредните три години и малку повеќе сè до 2005 година(гранична полиција и покрај Законот за полициска академија и определената 12-месечна обука).***

Свесноста доаѓа во 2003 година, кога е законски дефинирано дека идното основно полициско образование ќе биде преку курсеви во времетраење од 12 месеци, и дополнето преку систем на *доживотно учење* на работното место, преку континуирани дополнителни обуки. Можеби малку изопачено ќе звучи но ова е наметнатиот „ЕВРОПСКИ КОНЦЕПТ“на основна полициска обука, кој наводно е идеален-ефикасен, бидејќи:

- Бара помалку финансиски средства за спроведување;
- Брзо се подготвува поголем број на луѓе (при што се добива на квантитет);
- Нуди можност за брзо квантитативно задоволување на потребите (но не системско).

Од друга страна, има и свои *големи негативности*:

- Времетраењето на обуката е многу кратко;
- Содржините со кои треба да се обучи идниот полициски службеник невозможно е да се совладаат;
- Заради пренатрупаност на содржините има процес само на нафрлање а не и вистинско стекнување на знаења и вештини (компетенции);
- Постојат проблеми околу спроведување на наставните планови и програми;
- Голема е бројноста на ученици-курсисти на обуките а се располага со малку стручни обучувачи;
- Недостаток на навики за самостојно учење од страна на лицата кои го посетуваат курсот како во западните системи;
- Тешко приспособување на веќе формираните личности кон новиот систем на обука и работење;
- Вработувањето со договор за обука, развивање чувство на сигурност кај кандидатите и намалување на мотивацијата за учење;
- Примањето личен доход но немање и соодветна работна одговорност;
- Уште многу други ненаброени аномалии кои се рефлектираат подоцна во несоодветното носење на униформата, неетичкото, незаконското, непрофесионалното постапување при извршувањето на работните обврски.

Ваквиот концепт се покажа дека паралелно со промената на методологијата на работење на полицијата (само мото-патроли без позорна служба) во Република Северна Македонија[14], донесе само негативни ефекти, претпоставувам дека, прашање на време е, кога Министерството за внатрешни работи ќе направи соодветна анализа за ефектите и штетите кои ги донесе овој концепт на основна полициска обука (за што постои законска обврска од имплементирањето на европските проекти во полициското образование) и истиот ќе биде променет. Колку побрзо се промени, толку подобро ќе биде за Република Северна Македонија и за нејзините граѓани и за безбедноста воопшто.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Од сé што погоре е претставено, сосема сигурно можеме да извлечеме поука наместо заклучок дека, секогаш не е потребно да се копираат другите, туку да се анализираат и подобруваат практиките кои се применувани за да станат уште подобри. Основното полициско образование(обуките во моментов), евидентно е дека не произведува кадар со потребен квалитет, пред сѐ, заради малото времетраење на обуката од 12 месеци. Штетата која ја предизвикува ваквиот тип на образование, е, пред сѐ, врз граѓаните и Министерството а најмногу од сѐ, врз безбедноста воопшто. Заради тоа потребно е што е можно побрзо основниот полициски кадар да се образува во средно стручно училиште од коешто би излегувале: стручни, професионални, образовани, одговорни кадри со интегритет кои ќе им служат на граѓаните и на државата и ќе ја подобрат довербата во институцијата а со тоа и соработката со граѓаните.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Списание на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СР Македонија, е „Безбедност" бр.1, 30 години од формирањето на службата за безбедност, Скопје, 1974 година.
2. Списание на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СР Македонија, „Безбедност" бр.3, мај-јуни, 1974 година.
3. Списание на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СР Македонија, „Безбедност" бр.1 , Скопје, јануари – февруари 1982 година.
4. Младен Трајков, Меѓународен годишник на Факултетот за безбедност, Implementation of new methodology of policing in Skopje and establishment of reporting and command center (RCC), 2013.
5. Полициска академија 2003-2008, Скопје, 2008 година.


[14] Повеќе види во: Младен Трајков, Меѓународен годишник на Факултетот за безбедност, Implementation of new methodology of policing in Skopje and establishment of reporting and command center (RCC), 2013, стр.224.

## ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

1. **ВРЕМЕНИ НАПАТСТВИЈА за организацијата и функциите на народната милиција во Федерална Македонија**, „Службен весник на Федерална Македонија“ бр.18 од вторник 4 септември 1945 година.
2. **Закон за средно училиште за внатрешни работи во 1971 година,** Објавен во „Службен весник на СРМ“ бр.39 од 15.12.1971 година.
3. **Закон за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита** „Елисие Поповски – Марко“ **(ЦОКБОС,** Објавен во „Службен весник на СРМ“ бр.30 од 15.7.1977 година.
4. **Закон за полициска академија**, „Службен весник на Република Македонија“ бр.40 од 23 јуни 2003 година

# ФИЛОЗОФСКО-БЕЗБЕДНОСНА КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈА НА ЗАГРОЗУВАЊАТА НА БЕЗБЕДНОСТА ПРЕДИЗВИКАНИ СО ЕГЗИСТИРАЊЕТО И ШИРЕЊЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19 (СИНТЕТИЗИРАНИ СТАВОВИ)

проф. д-р Цане Мојаноски и Гоце Аризанкоски

Проф. д-р Цане Мојаноски Факултет за безбедност – Скопје,
Универзитет „Свети Климент Охридски“ – Битола
E:mail: *cmojanoski@fb.uklo.edu.mk*

дипломиран криминалист Гоце Аризанкоски
Министерство за внатрешни работи
E:mail: *makelement@gmail.com*

**АПСТРАКТ**

Во трудот се презентираат синтетизирани ставови кои се резултат на нашиот обид да се развие—филозофско-безбедносна концептуализација на загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност, со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19.

Целите на трудот се состојат во: (1) *констатирање и евидентирање на проблемот на егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 како посебна безбедносно-загрозувачка појава и предизвиканите безбедносно-загрозувачки појави од неа (директно или индиректно)*; (2) *конкретизирање и операционализирање на загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност* со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 како посебна безбедносна појава и предизвиканите безбедносно-загрозувачки појави од неа (директно или индиректно); и (3) изнесување на *синтетизирани заклучни согледувања* за споменатиот проблем на научноистражувачко третирање.

***Клучни зборови:*** КОВИД-19 како посебна безбедносно-загрозувачка појава, поединечна безбедност, национална безбедност, регионална безбедност, глобална безбедност, загрозувања на безбедноста, филозофско-безбедносна концептуализација.

## 1. Пролегомена во филозофско-безбедносната концептуализација на загрозувањата на безбедноста предизвикани со егзистирањето и ширењето на пандемијата ковид-19

Со официјалното прогласување на пандемијата КОВИД-19 од страна на Светската здравствена организација на 11 март 2020 година, пандемијата се разви како доминантна тема, како во јавниот дискурс, така и во мноштвото, поединечни приватни дискурси. Наведеното, претставуваше една од основите за фундирање на конкретен пристап на размислување и развивање на претпоставки за загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност, предизвикани со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19, кој пристап, меѓу другото е отпочнат врз развивањето на следниве две елементарни претпоставки:

**1)** од моментот на (*официјалното информирање* за) појавата на корона вирусот и покрај тоа што се појавија различни теории за етиолошката димензија на актуелната пандемија, постои ***научен консензус*** **според кој, корона вирусот е зоонотски, односно дека неговото создавање не е предизвикано со намерна човечка интервенција**; и

**2)** постои логички оправдана загриженост, односно научна и општествена оправданост за поставување и развивање на безбедносно-научни хипотези (со одреден степен на веројатност) дека **актуелниот корона вирус или некој следен вирус може да биде создаден или адаптиран да претставува биолошко и психолошко оружје пројавено како конкретен облик на загрозување на поединечната, националната, регионалната и/или глобалната безбедност од употреба на таквиот вид на оружје кое не би било исклучително врзано за одредена терористичка организација, туку и за одредена држава/држави/сојузи на држави, или за одредени структури кои потекнуваат од одредени држави, кои евентуално би развиле такво биолошко и психолошко оружје**.

Според тоа, наведениот пристап на размислување, кој суштински ги опфаќа нашите филозофско-безбедносни размислувања кои имаат основа во нашето поимање на предметот на *Филозофијата на безбедноста*[15], како и врз

[15] Според нашите размислувања, **предметот на филозофијата на безбедноста** ги опфаќа (онтолошки, гносеолошки и аксиолошки насочените) сетилни и разумни облици на спознавање на ***обемот и содржината на безбедноста во нејзиниот временски, просторен и содржински тоталитет кој претставува една целина која има свои посебни и поединечни заокружени целини, и кој тоталитет има свои општествени, природни, психолошки, технички, етиолошки, феноменолошки и последични димензии*** – од формирањето и развивањето на идејата за безбедноста (како состојба, вредност, потреба, интерес, функција, организација и систем) како мисловен резултат на човечкото сетилно и разумно спознавање; вредностите на безбедноста; факторите на загрозување, достигнување, одржување, развивање и унапредување на безбедноста (односно факторите изразени како: причини, услови и поводи), како и начините на нивно спознавање; носителите и видовите на безбедност: односно поединечната (човечка) безбедност, безбедноста на семејството, на општествените групи, на општеството, на државата, на сојузите на држави и на меѓународната

основа на теориско-епистемиолошките приоди на *Асфалиологијата*[16] и *Методологијата на асфалиологијата*[17] - ни овозможи дедуктирање на филозофско-безбедносната концептуализација[18] на загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и/или глобалната безбедност, со егзистирање и ширење на пандемијата КОВИД-19, која концептуализација има своја појдовна основа во нашето дефинирање на *индивидуалната/поединечна човекова безбедност*.

Имено, *индивидуалната/поединечна човекова безбедност* (во натамошниот текст: *поединечна безбедност*), според нашиот филозофско-безбедносен пристап, ја дефиниравме како **актуелна (привремена) или релативно трајна (лонгитудинална, продолжена) индивидуална, оптимално-квалитативна, воспоставена, одржана, односно унапредена и развиена функционално-поволна состојба на човекот во која истиот, задоволувајќи ја својата општествено-природна потреба од безбедност, битисува (егзистира) во конкретен општествено обликуван безбедносен реалитет, односно во извесно социјално, државно и меѓународно опкружување, како резултат на доволно отсуство на физиолошки, психолошки и социјални недостатоци потребни за функционирање на човекот и неговиот организам, односно како резултат на доволна и оптимална заштита од конкретни, извесни или потенцијални општествени, природни и технички загрозувања (предизвици, ризици и**

---

заедница во целина; и минатата, актуелната и идната (хипотетичка) констелација на безбедносно релевантни односи, состојби и процеси во глобалниот или друг конкретен општествен простор. Наведено според: Dr. Sc. Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, 10$^{th}$ International Scientific Conference „*The great powers influence od the security of small states*“, University „St. Kliment Ohridski“, Fakulty of Security – Skopje, Volume I, p. 155.

[16] *Асфалиалогијата* е наука која ги систематизира постојните научни сознанија и со помош на науч- ноистражувачките методи, постапки, техники и инструменти врши верификација на научните сознанија, ги утврдува научните закони и придонесува за унапредувањето на човековата практика, на безбедносната практика. За наведеното, како и за основните теориско-методолошки прашања околу дефинирањето на поимот наука за безбедноста, односно безбедносна наука (асфалиалогија), може да се види во: Цане Мојаноски, *За поимот наука за безбедноста (асфалиалогија)*, Годишник на Факултетот за безбедност, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 (во наведениот научен труд за прв пат во македонската безбедносна наука е предложен за употреба [и е употребен] терминот *асфалиалогија*).

[17] Употребените научни елементи на нашиот научен пристап кои се однесуваат на *методологијата на асфалиологијата* се преземени од: Цане Мојаноски, *Дилеми во дефинирањето на Методологијата на асфалиалогијата*, Зборник на трудови од научно-стручната конференција „Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија“ (Охрид, 17-18 септември 2010.), Универзитет „Свети Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010.

[18] Методолошките основи на нашата *филозофско-безбедносна концептуализација* ја фундиравме врз основа на: Цане Т. Мојаноски, *Методологија на безбедносните науки: истражувачка постапка (книга II)*, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, 2012 година, стр. 13-17.

**закани) по неговиот психофизички, морален и здравствен интегритет, по неговиот материјално-егзистенцијален статус, по неговите општоприфатени, општопризнати и нормирани слободи и права, како и по неговите легитимни вредности и интереси.**[19]

Според тоа, ќе напомниме дека поединечната безбедност претставува *базичен категоријален концепт на безбедноста* кој е интегриран во (поширокота по обем и содржина) *општествена безбедност*[20], што упатува на претпоставката дека **масовното загрозување на поединечната безбедност од егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 претставува реално или потенцијално загрозување на националната, регионалната и глобалната безбедност**. Наведената, пандемски детерминирана (реална или потенцијална) каузалност помеѓу загрозувањата на различните видови на безбедност, своја аргументираност, меѓу другото, има и во утврдувањето на **вонредната состојба во повеќе држави во светот** како *општо-општествена околност*.

Оваа општо-општествена околност изразена како вонредна состојба, меѓу другото, претставува еден од елементите врз кои е фундирана научната и општествената оправданост за истражување на пандемијата КОВИД-19, со што се потврдува и одамна утврдениот факт според кој прашањето на безбедноста во вонредни ситуации *inter alia* (покрај другото – н.з.), се наоѓа во сржта на науката за безбедноста[21].

Конкретизирано, од аспект на влијанието на официјалното прогласување на пандемијата КОВИД-19 врз македонското општество и држава - **за првпат** од прогласувањето на самостојноста и независноста на македонската држава, на 18 март 2020 година, со одлука на претседателот на државата, *беше утврдена вонредна состојба* (која не претставува здравствена категорија, туку посебна уставно-правна, односно правна категорија која е заснована врз одлуката за прогласување епидемија како сериозна опасност за здравјето на населението[22]) - ваквата одлука беше донесена заради **ефикасно надминување на последиците поврзани со коронавирусот што ја**

---

**19** Наведено според: Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, 10th International Scientific Conference „*The great powers influence od the security of small states*“, University „St. Kliment Ohridski“, Fakulty of Security – Skopje, Volume I, p. 159

**20** Гоце Аризанкоски, *Теоретски основи на Социологијата на безбедноста (обид за втемелување на нова научна дисциплина во системот на науки)*, Годишник на Факултетот за безбедност, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 година, стр. 114

**21** Драган Млађан, Далибор Кекић**,** *Вандредна ситуација – прилог концептуалном одређењу безбедности*, Наука-Безбедност-Полиција, часопис Криминалистичко-полицијске академије - Београд, Криминалстичко-полицијска академија – Београд, Год. 12, број 3, 61-83, Београд, 2007 година, стр. 81

**22** Академик Владо Камбовски, проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Ана Павловска-Данева, д-р Елена Мујоска-Трпевска, м-р Константин Битраков, *Правни аспекти на вонредната состојба*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година, стр. 64.

**предизвикува болеста КОВИД-19, односно за да се спроведат засилени мерки за заштита на здравјето на населението, но и да се спречат други општествено-економски последици.**[23]

Следеше (а и во периодов на пишување на текстов, е присутно) преземање на широк сет на општествени и конкретно, државни и научни ангажмани: од правно нормирање на мерки за спречување на ширењето на пандемијата КОВИД-19, па до предлагање (со презентирање) на нумерички анализи на алгоритми (протоколи) за контролирано стекнување со колективен имунитет[24] и научно фундирани повици за формирање на централизирана колекција на податоци за пациенти со КОВИД-19, на глобално ниво, која би била корисна за понатамошните истражувања во областите на биоинформатиката, вештачката интелигенција и машинското учење, со цел да се развијат напредни предикативни, дијагностички и терапевтски стратегии за борба со КОВИД-19 и евентуално, со слични пандемии, во иднина[25].

## 2. Конкретизација и операционализација на загрозувањата на безбедноста предизвикани со егзистирањето и ширењето на пандемијата ковид-19

Во рамките на нашата филозофско-безбедносна концептуализација на загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност, со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 како посебна безбедносна појава и предизвиканите безбедносно-загрозувачки појави од неа (директно или индиректно), развивме конкретизација и операционализација на споменатите загрозувања[26], во чија методолошка

[23] ibid, стр. 44.

[24] За наведеното, предлагаме да се консултира трудот на: Игор Томовски, Алајдин Абази, *„Прелиминарна нумеричка анализа на алгоритам (протокол) за контролирано стекнување со колективен имунитет во услови на епидемија во комплексни мрежи“*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година.

[25] Маја Николовска, Љупчо Коцарев, *„Краток преглед на методите од биоинформатика и машинско учење во борбата против пандемијата од заразата од ковид-19“*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година, стр. 215.

[26] Конкретизацијата и операционализацијата на загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност предизвикани со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 како посебна безбедносно-загрозувачка појава и предизвиканите безбедносно-загрозувачки појави од неа (директно или индиректно), меѓу другото ја развивме и врз основа на *одредувањата на загрозувањето на безбедоста* во: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, *Analitika*, NIK Grafit, Lukavac, 2008, str. 346-359; Саша Мијалковић, Марија Поповић, *Увод у студије безбедности*, Криминалистичко-полицијска академија – Београд, Београд, 2015., стр. 201-231; Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, op. cit., p. 159; и Гоце Аризанкоски, *Теоретски основи на Социологијата на безбедноста (обид за втемелување на нова научна дисциплина во системот на науки)*, op.cit., стр. 114-115.

основа, меѓу другото, се наоѓа и фактот според кој секој поединец и другите општествени субјекти, во текот на целиот свој живот, односно во текот на своето (неконечно определено) егзистирање, се загрозени од дејствувањето на различни субјекти на загрозување, како и од дејството на различните извори на загрозување, при што нивоата, поконкретно, сите сегменти на човечкиот живот може да бидат загрозени (со одреден степен на веројатност)[27]. Имено, во натамошниот текст ќе следат девет облици на загрозувања (како резултат на споменатата конкретизација и операционализација).

**1) Физичко и/или психичко загрозување на поединците, на општествените групи и на целокупната хумана популација, кое е директно или индиректно предизвикано со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 како посебна безбедносно-загрозувачка појава и произлезените безбедносно-загрозувачки појави од неа (директно или индиректно)**[28]. Овој вид на физичко и/или психичко загрозување, својата феноменолошка практичност може да ја пројави, меѓу другите и во следниве појавни облици:

**1.1.** ***Загрозување на здравствената безбедност со инфекцијата и болеста КОВИД-19***.[29] Иако не постои универзална прифатена дефиниција на здравствената безбедност, со анализа на литературата и различните извештаи (извештаите на: *ООН*, *Светската здравствена организација*, *Светската банка* и др.), воочено е дека овој концепт се поврзува: со **масовното ширење на заразни болести**; со **употребата на патогени организми како биолошко оружје за терористички цели**; како и со тоа што **одредени болести, а особено HIV/AIDS, можат да имаат општествени, политички, економски и воени последици и со самото тоа да се загрози стабилноста и безбедноста, како на национално, така и на меѓународно ниво**.[30] Дополнително, егзистира и **недостигот на пристапот до здравствена заштита** (заради обемот на ширење на пандемијата КОВИД-19, речиси сите капацитети на здравствена заштита се подредени на преземањето на мерки и активности во насока на спротивставување на актуелната пандемија КОВИД-19). Контекстуално ќе

---

[27] Инспирирано врз основа на: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, *Analitika*, NIK Grafit, Lukavac, 2008, str. 352.

[28] Инспирирано врз основа на: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, op. cit., str. 352-353; и Dr. Sc. Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, op. cit., p. 160.

[29] Појдовната основа во нашите претпоставки се наоѓа во тродимензионалната определба на здравјето која ја создава научничката потреба од проучување на механизмите на дејствување на *општествените*, *психолошките* и *техничко-технолошките фактори* врз здравјето и болеста и повикува на потребна научна комплементарност на биомедицинските и општествените науки, вклучувајќи ја и филозофијата. Наведеното има своја основа во: Стефан Костовски, Бранислав Саркањац, *Социологија на медицината*, Филозофски факултет – Скопје, 1999 година, стр. 157.

[30] Tanja Rokvić, *Sekuritizacija zdravlja: dali je javno zdravje pitanje nacionalne bezbednosti u Republici Srbije*, MP 2-3, 2016., str. 226.

напомниме и дека **од *кривичноправен аспект***, **<u>кривичните дела против здравјето на луѓето</u> имаат генерички идентичен објект на заштита со кривичните дела против животот и телото**.[31] Според тоа ќе напомниме и дека е констатирана **зајакната секуратизација на здравјето** во *негативен контекст*, посебно преку индикаторите кои упатуваат на констатацијата според која постојат сериозни недостатоци на капацитетите за превенција, сузбивање и санација на пандемиите. Државите, насекаде во светот се соочени со предизвикот за **имплементација на мерки со цел да се заштити здравјето на населението и да се спречи ширењето на пандемијата**, меѓу кои е и македонското општество и држава. Од консултацијата која ја оствaривме на сумираните податоци од подготвената анализа на резултатите добиени од спроведеното *анкетно истражување од страна на две истражувачки (Марица Антовска-Митев и Татјана Дранговска) од Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“ при Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ)*, а во врска со новонастанатата состојба во македонската држава предизвикана од појавата на новиот корона вирус (во натамошниот текст: *според споменатото истражување на МАНУ*), констатиравме податоци кои индицираат на следниве сознанија и заклучоци: најголем дел од испитаниците, односно речиси 40 % сметаат дека државните мерки се добри и значајно придонесуваат за намалување на ширењето на пандемијата; додека, пак, околу 20 % од испитаниците се изјасниле дека мерките не се добри и потребно е да се променат; во однос на зголемување на ингеренциите на локалната самоуправа во носење на мерки за заштита на здравјето на населението и спречување на ширење на пандемијата, повеќе од 60 % од испитаниците се изјасниле дека е потребно мерките и понатаму да се носат на централно, а не на локално ниво.[32]

**1.2.** ***<u>Загрозување на телесниот и/или психичкиот интегритет со примена на физичко и/или психичко насилство каде КОВИД-19 се јавува како фактор (изразен како: причина, услов или повод) во формирањето на мотивациската основа за примената на насилството</u>***. Овој облик на загрозување, феноменолошки може да се појави во најмалку следниве три појавни облици: **1) физичко и/или психичко насилство (спрема: а) цивилни**; **и б) службени лица**[33]); **2) вршење на полово дејствие или на друг начин,**

---

[31] Владо Камбовски, Никола Тупанчевски, *Казнено право – посебен дел*, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Скопје, 2011 година, стр. 237.

[32] Марица Антовска-Митев, Татјана Дранговска, *Истражување за ковид-19: Процена на состојбите и перцепциите на населението во Република Северна Македонија за пандемијата предизвикана од новиот корона вирус*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година, стр. 141.

[33] Четиринаесет грчки полицајци биле ставени во карантин по инцидент во Атина кога маж, тврдејќи дека е заразен со корона вирус, плукнал во лицето на еден од полицајците. Наведено според: *ШОК ВО ГРЦИЈА: Заразил 14 полицајци, им плукал во лице!*, https://vesnik.com/node/82657 (пристапено на: 23.3.2020 година). Исто така, во Скопје, беше извршен физички напад со стаклен предмет од непознато лице врз полициски службеници кои беа ангажирани во обезбедувањето на почитувањето на

**односно, со секое физичко дејствие на создавање контакт помеѓу изворот на болеста и некое лице, со кое се пренесува заразната болест КОВИД-19** (контекстуално ќе напомниме дека во поновите криминолошки истражувања се посветува внимание на вршењето на силувања и пренесување на заразни болести, конкретно, на HIV заразата како облик на водење на војна[34]); и **3) загрозување на безбедноста на поединецот и општествените групи со лажна закана за пренесување или со ширење на невистинити тврдења за постоење на заразната болест КОВИД-19**.

**1.3. *Физичко загрозување од недостигот на лична заштитна опрема, од нејзината (во конкрето-временски, доволно долготрајни ситуации) непотребна, како и од нејзина долготрајна употреба*.**[35]

**2) Психичко-емоционално загрозување (кое вклучува и можни невропсихијатриски манифестации) на поединците, на конкретните општествени групи и на целокупната светска хумана популација, предизвикано со егзистирање и ширење на пандемијата КОВИД-19**.[36] Имено, пандемијата КОВИД-19 во својата непредвидлива форма која создава непредвидливи последици, развива психичко-емоционално загрозување кое својата феноменолошка практичност ја остварува, меѓу другите и низ следниве облици: **а) развивање и одржување на безбедносно-загрозувачка материјализација на човековите емоции и нагонот за самоодржување** со таква последична димензија во чија структура, меѓу другото, егзистира еден од суштинските елементи на производство и глобално распространување на **стравот** кој комплементарно егзистира и со процес на најверојатно долгорочни општо-здравствени и конкретни, психо-социјални последици, како и

---

мерките за спречување на ширењето на пандемијата COVID-19 (лична забелешка на еден од авторите на овој труд).

[34] Ignjatović Đorđe, *Epidemiološka kriminologija*, Sociologija, Vol. LVII (2015), N° 2, str. 213.

[35] Покрај проблемот со недостигот од лична заштитна опрема, постои уште еден проблем поврзан со нејзиното многучасовно носење. Докторите, медицинските сестри и другите здравствени работници, кои се на ударната линија во борбата против ковид-19, поминуваат повеќе од 8 часа носејќи лична заштитна опрема. Поради долготрајното носење пријавени се повреди како резултат од притисокот, појава на контактен дерматитис, чешање, уртикарија, себороичен дерматитис и акни. Наведено според: R. Darlenski, N. Tsankov, COVID-19 pandemic and the skin: what should dermatologists know?, Clinics in Dermatology (2020); и Y. Yan, H. Chen, L. Chen, B. Cheng, P. Diao, L. Dong, X. Gao, H. Gu, L. He, C. Ji, H. Jin, W. Lai, T. Lei, L. Li, L. Li, R. Li, D. Liu, W. Liu, Q. Lu, Y. Shi, J. Song, J. Tao, B. Wang, G. Wang, Y. Wu, L. Xiang, J. Xie, J. Xu, Z. Yao, F. Zhang, J. Zhang, S. Zhong, H. Li, H. Li, *Consensus of Chinese experts on protection of skin and mucous membrane barrier for health-care workers fighting against coronavirus disease 2019*, Dermatologic Therapy; во: Александра Ивановска- Дациќ, *„Паметниот“ текстил во борбата против пандемиите*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година, стр. 141.

[36] Инспирирано врз основа на: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, op. cit., str. 352-353; и Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, op. cit., p. 160.

финансиски последици по поединечните општества, но и по целокупното човештво чиј <u>*елемент на потребна прогресивност е општо-општествено **загрозен***</u>; **б)** според тоа, стравот произведува или е каузално поврзан со пандемски детерминирано предизвикување и на други **здравствено-психолошки појави изразени како <u>неселективна генерална анксиозност и паника во невидени размери</u>**[37]; и **в) <u>невропсихијатриски манифестации, односно невролошки симптоми</u>**[38]**<u>, за кои од безбедносен аспект, односно од криминолошки и социопатолошки аспект, претпоставуваме дека може директно или индиректно да стимулираат антисоцијално и асоцијално однесување</u>**[39]. Дополнително, од конкретното истражување на состојбата и мислењето на луѓето во периодот на пандемијата КОВИД-19, при што е применет *метод на сентиментална анализа на мислењето* (*метод на рударење на мислењето*) на луѓето на глобално ниво и на ниво на Македонија, резултатите покажуваат ***незадоволство*, *страв* и *вознемиреност* не само во Македонија, туку и низ целиот свет**.[40] Контекстуално, ќе ја презентираме

---

[37] Наведено според: Нада Поп-Јорданова, *За невропсихијатриските манифестации кај инфекцијата од ковид-19*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година, стр. 84.

[38] Иако, корона вирусот првенствено е респираторен вирус, истиот го напаѓа и мозокот, односно инфекцијата на ендотелните клетки може да дозволи вирусот да премине од респираторниот систем во крвта и преку мозочно-крвната бариера да навлезе во мозокот, при што вирусот се реплицира и ги дава невролошките манифестации... Невролошките симптоми кои први јасно ги забележаа научниците од Вухан и ги објавија во престижното списание „Јама“, во април 2020 година, се групирани во три категории:1) *манифестации од централниот нервен систем* (вртоглавица, главоболка, нарушена свесност, акутна цереброваскуларна болест, атаксија и конвулзии); *растројство на свеста* која вклучува сомнолеција (сонливост), ступор или кома, но и *растројство на содржината на свесноста* (конфузија или делириум); 2) *манифестации од периферниот нервен систем* (растројство на вкусот, мирисот, видот или нервни болки); и 3) *манифестации од скелетната мускулатура.* Наведено според: Нада Поп-Јорданова, op. cit., стр. 85.

[39] За основата на нашава хипотеза може да се види, а сметаме дека е и упатно да се спореди во: Радојко Миловановиќ, *Психологија криминалитета*, Полицијска академија – Београд, Београд, 2005 година, стр. 164-165; Георги Чадловски, *Криминалистичка психопатологија*, Скопје, 1998 година, стр. 15-18; Георги Чадловски, *Криминологија и психијатрија*, Печатница „СОФИЈА“ - Богданци, Скопје, 2006 година, стр. 428-431; Георги Чадловски, *Психобиологија*, Скопје, 2002 година, стр. 135-154; проф. д-р Стеван Алексоски, *Психологија со криминалистичка психологија*, Скопје, 2005 година, стр. 72-80; Dr Miodrag Jovič, *Kriminalna ličnost (dali se rađa ili postaje)*, Biblioteka „Naše reči“ - Leskovac, Leskovac, 1998; Николина Кениг, Огнен Спасовски, *Ефектите од пандемијата врз психичкото здравје и добросостојбата: предвидувања, состојби и перспективи*, Предизвици, бр. 6, 06/2020, стр. 114-126; и д-р Љубиша Новотни, *Судска психијатрија (одбрани теми)*, НИО „Студентски збор“ – Скопје, Скопје, стр. 59-62.

[40] Евгенија Крајчевска, Александра Дединец, Љупчо Коцарев *„Сентиментална анализа на Твитер податоци за време на ковид-19 пандемијата во Република Северна*

научно употребливата шема на пет стадиуми за тоа како реагираат луѓето кога ќе дознаат дека имаат смртоносна болест (шема која е развиена од *Елизабет Киблер-Рос* во нејзината книга *„За смртта и умирањето“*): 1) *одбивање* (лицето, едноставно, одбива да го прифати фактот: „Ова не може да ми се случи на мене“); 2) *гнев* (што експлодира кога веќе не можеме да го негираме фактот „Како е можно да ми се случи ова“); 3) *спогодување* (надежта дека некако ќе можеме да го одложиме или да го намалиме фактот: „Само да доживеам да ги видам децата дипломирани“); *депресија* (либидално дезинвестирање: „И онака ќе умрам, па зошто тогаш да се грижам за што било?“); и *прифаќање* („Не можам“).[41] Истите овие пет стадиуми можат да се разграничат секогаш кога едно општество се соочува со некаков трауматичен раскин.[42] Од аспект на релацијата на овој облик на загрозување со пандемијата КОВИД-19, интересна е поставката на психијатарот Дамир Хуремовиќ според која *„епидемијата е барем 50 отсто психологија“*, напомнувајќи и дека *„на крајот од краиштата, не е битно како се однесува вирусот, бидејќи истиот има ограничен број на свои нуклеотиди и ние знаеме што се случува тука - битно е како се однесува човекот“*[43].

**3) Психичко-емоционално загрозување предизвикано со егзистирање и ширење на пандемијата КОВИД-19 со кое (директно или индиректно) се предизвикува неприфаќање, оневозможување, невозвраќање на емоции, потискување и осуетување на позитивните емоции спрема семејството и блиските, спрема локалната група (соседите, соработниците и сл.), нацијата и воопшто луѓето, односно со предизвикување на нарушување на меѓучовечките односи**.[44]

**4) Психичко-интелектуално загрозување во областа на образованието и воспитанието на поединци и општествени групи, предизвикано со нормирањето и преземањето на мерки во насока на**

---

*Македонија во споредба со светот“*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година, стр. 222.

[41] Подоцна, *Килбер-Рос* ги аплицира овие стадиуми на сите други можни катастрофални лични загуби (губење работа, смрт на сакана личност, развод, зависност од дрога), при што нагласува дека тие не настапуваат секогаш по истиот редослед, како и дека сите пациенти не ги искусуваат сите пет стадиуми. Наведено во: Славој Жижек, *Пандемја: Ковид – 19 го тресе светот*, Арс Либрис, Скопје, 2020 година, стр. 45.

[42] Наведено според: Славој Жижек, op. cit., стр. 45.

[43] Damir Huremović, *Psihijatrija pandemije*, Нова галаксија – научни магазин, https://galaksijanova.rs (сајтот е посетен последен пат на 3.11.2020 година).

[44] Инспирирано врз основа на: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, op. cit., str. 352-353; и Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, op. cit., p. 160.

**спречување на ширењето на пандемијата КОВИД-19**.[45] Имено, ако примарна цел на образованието на децата е да се осигури дека тие ќе станат морални суштества – конкретен вид нормативни суштества[46], а имајќи предвид дека човечката историја укажува дека образованието битно го детерминира општествениот развој[47] - тогаш основано ја поставуваме претпоставката дека со егзистирањето и ширењето на КОВИД-19 со темпорално неодреден и непредвидлив обем и содржина, можно е да се развие масовно психичко-интелектуално загрозување, односно создавање на индивидуални и колективни ситуации на пропуштање или попречување на веќе воспоставениот систем на можности за воспитание и образование. Можно е наведеното психичко-интелектуално загрозување да развие општо-општествено загрозувачки процес на деформација на целокупниот образовен процес кој негативно ќе се одрази на вкупниот квалитет на живот на учесниците во образовниот процес, а посебно, негативно може да се одрази на психолошкиот развој на младите, на децата, како и на психата на нивните родители, вклучително и на системот на интерактивни и витални комуникации на релација: учители/професори – ученици/студенти (впрочем, самиот латински збор „universitas" значи „здружување" или „заедница", или „universitas magistrorum et scholarum", во слободен превод, значи „заедница на учителите и учениците").

**5) Ориентациско-вредносно загрозување предизвикано (директно или индиректно) со егзистирање и ширење на пандемијата КОВИД-19**[48], односно, загрозување на постојниот вредносен систем и натурања на други ориентациски вредносни системи, нарушувајќи ги нужните и прифатени етички и морални норми на однесување.

**6) Интересно-економско загрозување на поединците, на конкретните општествени групи и на целокупната светска хумана популација, предизвикано со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19**[49], односно загрозување на правно дозволеното стекнување и располагање со материјални добра; загрозување на нивното создавање; како и загрозување на правно дозволената материјализација на знаењето, вештините и креативните способности. Имено, пандемијата КОВИД-19 во својата непредвидлива форма која создава непредвидливи последици, развива интересно економско загрозување кое својата феноменолошка практичност ја остварува, меѓу

---

[45] Инспирирано оврз основа на: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, op. cit., str. 352-353; Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, op. cit., p. 160.
[46] Стефан Е. Кајперс, *Образование за автентичност: повторно разгледан парадоксот за морално образование*; во: Харви Сигел (ур.), *Прирачник за Филозофија на образованието*, Европа 92, Кочани, 2014 година, стр. бр. 134.
[47] Dr. Nenad Suzić, *Sociologija obrazovanja*, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Republike Srpske, Srpsko Sarajevo, 2001 godina, str. 9.
[48] Инспирирано врз основа на: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, op. cit., str. 352-353; и Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, op. cit., p. 160.
[49] Инспирирано врз основа на: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, op. cit., str. 352-353; и Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, op. cit., p. 160.

другото и во следното: **1)** од аспект на економската димензија од вкупната, глобална криза од пандемијата КОВИД-19, во текот на 2019 година, значи 12 години по *големата рецесија* од 2007 до 2009 година, уште пред појавата на пандемијата, дел од макроекономистите дебатирале за **потенцијалните можности од отпочнување на егзистирање на *нова светска рецесија***; имено, во 2019 година, економскиот раст, во светски размери, значајно се забавил, односно забавувањето на економскиот раст бил особено присутен во економски најразвиените земји во светот – САД, Кина, Јапонија и земјите членки на Европската монетарна унија (односно, земјите кои го прифатиле еврото како заедничка валута)[50]; **2) ризиците, неизвесноста и несигурноста во прогнозирањето на последиците на рецесијата (како петта глобална рецесија во повоениот период) предизвикана од пандемијата КОВИД-19 врз економиите во светот се поголеми во споредба со другите рецесии**[51], што упатува на нејзината невообичаена природа и што условува чести, брзи промени и ревидирања (актуализирања) на предвидувањата за перформансите на економиите од страна на сите меѓународни институции[52]; **3) кумулирање на структурните буџетски дефицити**, кои ќе донесат нов, вонредно брз и голем **пораст на јавниот долг, без преседан во досегашната економска историја, во светски размери**[53]; **4) брутален пад на берзите во високоразвиените земји** што е јасен сигнал дека претстои нова светска рецесија[54] **5) економска несигурност** (на поединечно и колективно ниво)**; 5) невработеност**; **6) потенцијално зголемување на апсолутната и релативна сиромаштија**; **7) економско оптоварување** како последица на психопатолошките потреби на поединци и општествени и конкретно, социјални групи – да **профитираат на колективната и поединечна несреќа предизвикана од пандемијата КОВИД-19**.

Што се однесува до македонската држава, врз основа на *споменатото истражување на МАНУ*[55], во однос на **промената во семејните приходи** како

---

[50] Академик Таки Фити, *Економската криза од КОВИД-19 и нејзините импликации врз македонската економија*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година, стр. 18.

[51] Светската економија, во периодот од 1950 до 2009 година, помина низ четири *глобални рецесии* (дефинирани според статистичкиот модел и методот на промислување): 1975, 1982, 1991 и 2009 година (како години на светска рецесија се земени годините кога рецесиите завршувале). Четирите епизоди, покрај со негативни стапки на раст на светскиот БДП, се карактеризираа и со „...висока синхронизираност и падови на светската трговија, индустриското производство, капиталните текови, вработеноста и енергетската потрошувачка“ наведено според: Kose M. A., and Ohnsorge, F. (2019), *A Decade After the Global Recession: Lessons and Challengers for Emerging and Developing Economies*, Advance Edition, Wachington, DC, p. 8; во: академик Таки Фити, op. cit., стр. 25.

[52] Академик Таки Фити, op. cit., стр. 27.

[53] Ibidem.

[54] Академик Таки Фити, op. cit., стр. 25.

[55] Марица Антовска-Митев, Татјана Дранговска, op.cit., стр. 193-194.

резултат на пандемијата: речиси кај половина, односно кај 49,8 % од испитаниците, семејните приходи не се промениле, додека, пак, кај 45,7 % од испитаниците, приходите се намалиле; зголемување на приходите пријавиле 3,2 % од испитаниците, додека, пак, 1,3 % целосно ги изгубиле приходите како резултат на пандемијата; резултатите од анкетата покажуваат дека околу 60 % од испитаниците, кои се изјасниле дека нивните семејни приходи се намалиле како резултат на пандемијата, се вработени во приватниот сектор. Исто така, врз основа на *споменатото истражување на МАНУ*, во однос на **промените во штедењето** како резултат на пандемијата: кај речиси една третина од испитаниците не настанале промени во штедењето, а кај 22 % штедењето се зголемило; штедењето во време на пандемијата се намалило кај 21,4 % од испитаниците, додека, пак, 24 % од испитаниците се изјасниле дека во време на пандемијата, како и претходно немале можност за штедење поради ниските приходи.

**7) <u>Загрозување на реализацијата на потребата, слободите, правата и можностите од областа на работата и трудот предизвикано со егзистирање и ширење на пандемијата КОВИД-19</u>**[56], изразено низ: оневозможување на достапност на средствата за работа и на средствата од работа; ограничување на оневозможување на развојот и растот на човековите способности, како и на нивната слободна манифестација; и ускратување на дел или на целокупната вредност на работниот резултат на човекот. Што се однесува до македонската држава, врз основа на *споменатото истражување на МАНУ*[57], од аспект на ***промените на работното место и начинот на извршување на работните обврски како резултат на пандемијата КОВИД-19***, повеќе од половина од испитаниците или 53 % ја задржале својата работа и продолжиле да работат од постојното работно место, додека, пак, 30 % од испитаниците продолжиле да работат од дома; од испитаниците 3,2 % ја изгубиле својата работа во текот на пандемијата, а 0,6 % ја изгубиле работата, меѓутоа повторно почнале со нова работа; исто така, врз основа на *споменатото истражување на МАНУ*, во однос на ***појавата на неизвесност на работните места***, од испитаниците повеќе од половина, односно 55 % воопшто не стравуваат за работното место, 25 % од испитаниците често размислуваат за оваа закана во однос на работното место, додека, пак, 5 % од испитаниците стравуваат и ги плаши големиот ризик и неизвесноста дека можеби ќе го изгубат работното место како резултат на пандемијата; од испитаниците кои се плашат за своите работни места, најголем дел, односно над 75 % се вработени во приватниот сектор, што значи дека неизвесноста во однос на работните места е значајно поголема кај вработените лица од приватниот сектор.

**8) <u>Загрозување на поединците, на конкретните општествени групи и на целокупната светска хумана популација во информациско-</u>**

[56] Инспирирано врз основа на: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, op.cit., str. 352-353; и Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, op. cit., p. 160.
[57] Марица Антовска-Митев, Татјана Дранговска, op.cit., стр. 202.

**<u>комуникациската област, предизвикано со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19</u>**.[58] Овој облик на загрозување, феноменолошки се пројавува преку оневозможување или отежнување на прибирање, емитување и остварување на веродостојни информации и комуникации, како и селектирано, ускратено, попречено или лажно информирање за односите, состојбите и процесите кои се однесуваат на КОВИД-19, со што постои веројатност дека, можеби е загрозена поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност. На почетокот на овој труд напомнавме дека пандемијата КОВИД-19 се разви како доминантна тема како во јавниот, така и во мноштвото, поединечни приватни дискурси, при што дополнително ќе истакнеме дека различни медицински и други експерти доминираат во редистрибуираниот медиумски простор. Според тоа, бидејќи значењето на медиумите во обликувањето и доживувањето на стварноста посебно расте во кризни времиња, ширењето на паника во јавноста, пласирањето на шпекулации и дезинформации, непотполното и невтемеленото информирање од страна на одредени медиуми може да предизвика низа на негативни ефекти, притоа зајакнувајќи ја кризата и воспоставувајќи - „инфодемија"[59]. Контекстуално, ќе напомниме дека посебно идентификуван безбедносен проблем е и *проблематичната употреба на интернетот*[60], кој во комбинација со десиминирањето на лажни вести - формира основа за идеација, развивање или стимулирање на спорни и безбедносно-загрозувачки теории на заговор. *Теориите на заговор* без разлика дали се применуваат како (не)знаење, како критика, како облик на политичка патологија, како изрази на општествени антагонизми или, пак, како дискурзивни творби [61], микроситуациските услови на евентуалните теории на завера кои се однесуваат на пандемијата КОВИД-19 како планетарен безбедносен предизвик, упатуваат на претпоставката за еден од облиците на загрозување на поединечната безбедност изразен преку различни парадигми на човековото процесуирање на информациите.[62] Според

---

**58** Инспирирано врз основа на: Đevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, op. cit., str. 352-353; и Cane Mojanoski, Goce Arizankoski, *Basic of Philosophy Security*, op. cit., p. 160.

**59** Момчило Д. Цебаловић, Зоран Јевтовић, *Пропагандни ланац информисања у кризним ситуацијама*, Култура полиса, год. XV (2018), бр. 36.

**60** *Проблематичната употреба на интернетот (ПУИ)* претставува бихевиорална зависност што се одликува со прекумерна употреба на интернет и со последици по менталното и физичкото здравје на корисникот. Наведено според: Билјана Ѓонеска, *Проблематичната употреба на интернетот во проблематичното време на пандемија*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19"*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година, стр. 154.

**61** За научната основа на наведеното, да се види во: Nebojša Blanuša, *Uloga teorija zavjera u konstrukciji političke zbilje u Hrvatskoj: analiza političkog diskurza 1980. - 2007. godine (doktorska disertacija)*, Fakultet političkih znanosti Sveučilišta u Zagrebu, str. 15-44.

**62** *Човековото процесуирање на информациите* како пристап е втемелен врз основа на метафората *„човекот како компјутер"*, при што од позицијата на размислување на *Melley* се нарекува и како *култура на паранојата* како крајна колонизација на човековата автономија по пат на системско поимање, односно како завршен чин на

тоа, ќе напомниме и дека, најверојатно, егзистира еден *опасен (безбедносно-загрозувачки) информациски парадокс* – имено, можеби многумина подеднакво веруваат во сѐ и се сомневаат во сѐ, што, пак, создава безбедносно-загрозувачка конфузија која на одредени општествени групи и на одредени поединци им овозможува да остваруваат афективна и когнитивна манипулација[63], меѓу другото и во облик на обликување на неверодостојна и безбедносно-загрозувачка перцепција во однос на пандемијата КОВИД-19 и тоа со примена на методи чиј обем, содржина и информациска фреквенција на пораките кои ги пласираат не само што остваруваат противправност, туку и ги загрозуваат поединечната и националната безбедноста, со развивање на можност на директно или индиректно загрозување на регионалната и глобалната безбедност. Што се однесува до македонската држава, врз основа на *споменатото истражување на МАНУ*, постои **<u>висок степен на информираност и запознаеност на населението со корона вирусот и со потенцијалните здравствени и економски последици од вирусот</u>**, односно над 90 % од испитаниците се запознаени, 7 % делумно се запознаени, а само 0,3 % воопшто не се запознаени. [64]

**9) <u>Загрозување на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност</u>**. Бидејќи безбедноста на поединецот/луѓето претставува еден од основните конституенти на државата[65], масовното загрозување на поединечната безбедност претставува реално или потенцијално загрозување на националната безбедност, а оттука и на регионалната и на глобалната безбедност.[66] Контекстуално ќе напомниме дека глобализацијата на

---

уфрлување на општествениот поредок во сопството (идентитетот на поединечната личност). Со тоа преведување на сопството во машина, истото се изедначува со надворешен, тоталитаристички систем и со тоа во него се обликува и всушност се поништува – тоа е уште една причина за параноја. Наведено според: Melley, Timothy. Empire of Conspiracy: The Culture of Paranoia in Postwar America. Ithaca, New York: Cornell University Press, 2000.; во: Nebojša Blanuša, op. cit., str. 43.

[63] Поделбата на манипулацијата на афективна и когнитивна е прифатена и преземена од: Filip Breton, *Izmanipulisana reč*, Clio – Beograd, Beograd, 2000 godina, str. 71-118.

[64] Марица Антовска-Митев, Татјана Дранговска, op.cit., стр. 202.

[65] Саша Мијалковић, *<u>Национална безбедност</u>*, Криминалистичко-полицијска академија – Београд, Београд, 2009., стр. 190.

[66] Од аспект на **загрозувањето на глобалната безбедност со егзистирањето и ширењето на пандемијата COVID-19**, ги презентираме официјалните ставови на Организацијата на Обединетите нации (ООН) изразени преку официјалната изјава на генералниот секретар на ООН, Антонио Гутереш. Имено, генералниот секретар на ОН, Антонио Гутереш, изјави дека пандемијата на новиот корона вирус и понатаму е „надвор од контрола“ и дека светот се приближува до „најцрната пресвртница од еден милион загубени животи поради вирусот“. Гутереш рече дека вирусот е **„број еден закана за глобалната безбедност во денешниот свет“** и дека тој претставува криза што не се разликува од онаа што ја доживеавме. Затоа тој апелираше на глобално примирје на 23 март, за да може сите да се фокусираат на борбата против пандемијата. Тој најави дека во говорот на Генералното собрание на ОН во вторник, ќе ја повика

пандемијата КОВИД-19, најверојатно, предизвика *стратешко изненадување* не само за САД, како најмоќна светска сила, туку и за останатите светски сили, што упатува на претпоставката дека на *комплексните безбедносни закани* изразени, како на пример – во кризата предизвикана од пандемијата на корона вирусот не може да се одговори со потенцирање на изградбата на надмоќен инструмент на воена моќ[67].

## 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во трудот презентиравме синтетизирани ставови кои се резултат на нашиот обид да се развие—философско-безбедносна концептуализација на загрозувањата на безбедноста со егзистирање и ширењето на пандемијата КОВИД-19, при што ги издвојуваме следниве *синтетизирани заклучни согледувања*:

**1.** Развивањето на пандемијата КОВИД-19 како доминантна тема во јавниот и во мноштвото, поединечни приватни дискурси претставуваше една од основите за фундирање на конкретен пристап на размислување и развивање на претпоставки за загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност, со егзистирање и ширењето на пандемијата КОВИД-19, кој пристап, меѓу другото, го отпочнавме врз развивањето на следниве две елементарни претпоставки: **1)** постоењето на ***научен консензус*** **според кој корона вирусот е зоонотски, односно дека неговото создавање не е предизвикано со намерна човечка интервенција**; и **2)** постоењето на логички оправдана загриженост, односно научна и општествена оправданост за поставување и развивање на безбедносно-научни хипотези (со одреден степен на веројатност) дека **актуелниот корона вирус или некој следен вирус може да биде создаден или адаптиран да претставува биолошко и психолошко оружје пројавено како конкретен облик на загрозување на поединечната, националната, регионалната и/или глобалната безбедност од употреба на таквиот вид на оружје кое не би било исклучително врзано со одредена терористичка организација, туку и за одредена држава/држави/сојузи на држави, или за одредени структури кои**

меѓународната заедница да ги мобилизира сите напори „глобалното примирје да стане реалност до крајот на годината“. Гутереш ја повика меѓународната заедница да се обедини во борбата против вирусот, нагласувајќи дека само вакцината нема да ја реши кризата. Тој истакна дека вакцината мора да биде „глобално јавно добро бидејќи ковид-19 не ги почитува границите“ и дека мора да биде достапна за секого. Наведено според: Гутереш, *Во моментов ковид-19 е број еден закана за глобалната безбедност*, https://plusinfo.mk/guteresh-vo-momentov-kovid-19-e-bro-eden-zakana-za-globalnata-bezbednost/ (последен пат посетен на 17 септември 2020 година).

[67] Инспирирано врз основа на ставовите во: Smiljanić Dražen, *Perspektiva evolucije strategija obrane i nacinalne sigurnosti nakon pandemije koronavirusa*, Strategos, 4(1), 2020 god., str. 119-120.

**<u>потекнуваат од одредени држави, кои би развиле такво биолошко и психолошко оружје</u>**.

**2.** Нашите <u>филозофско-безбедносни размислувања</u> ни овозможија дедуктирање на филозофско-безбедносна концептуализација на загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност, со егзистирање и ширењето на пандемијата КОВИД-19, која концептуализација своја појдовна основа има во нашето дефинирање на *индивидуалната/поединечна човекова безбедност* која претставува *базичен категоријален концепт на безбедноста* кој (по обем и содржина) е интегриранво поширокта *општествена безбедност,* што упатува на претпоставката дека **<u>масовното загрозување на поединечната безбедност од егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19, претставува реално или потенцијално загрозување на националната, регионалната и глобалната безбедност</u>**.

**3.** Во рамките на нашата филозофско-безбедносна концептуализација на загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност, со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 како посебна безбедносно-загрозувачка појава и предизвиканите безбедносно-загрозувачки појави од неа (директно или индиректно), ја развивме следната конкретизација и операционализација на загрозувања: **(1)** физичко и/или психичко загрозување на поединците, на општествените групи и на целокупната хумана популација, кое е директно или индиректно предизвикано со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 како посебна безбедносно-загрозувачка појава и произлезените безбедносно-загрозувачки појави од неа (директно или индиректно); **(2)** психичко-емоционално загрозување (кое вклучува и можни невропсихијатриски манифестации) на поединците, на конкретните општествени групи и на целокупната светска хумана популација, предизвикано со егзистирање и ширење на пандемијата КОВИД-19; **3)** психичко-емоционално загрозување предизвикано со егзистирање и ширење на пандемијата КОВИД-19 со кое (директно или индиректно) се предизвикува неприфаќање, оневозможување, невозвраќање на емоции, потискување и осуетување на позитивните емоции спрема семејството и блиските, спрема локалната група (соседите, соработниците и сл.), нацијата и воопшто луѓето, односно се предизвикува нарушување на меѓучовечките односи; **4)** психичко-интелектуално загрозување во областа на образованието и воспитанието на поединци и општествени групи, предизвикано со нормирањето и преземањето на мерки во насока на спречување на ширење на пандемијата КОВИД-19; **5)** ориентациско-вредносно загрозување предизвикано (директно или индиректно) со егзистирање и ширење на пандемијата КОВИД-19, односно загрозување на постојниот вредносен систем и натурања на други ориентациски вредносни системи, нарушувајќи ги нужните и прифатени етички и морални норми на однесување; **6)** интересно економско загрозување на поединците, на конкретните општествени групи и на целокупната светска хумана популација, предизвикано со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19; **7)** загрозување на реализацијата на потребата, слободите, правата и можностите од областа на работата и трудот

предизвикано со егзистирање и ширење на пандемијата КОВИД-19; **8)** загрозување на поединците, на конкретните општествени групи и на целокупната светска хумана популација во информациско-комуникациската област, предизвикано со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19; и **9)** загрозување на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност.

**4.** Врз основа на нашата филозофско-безбедносна концептуализација на загрозувањата на безбедноста со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19, сметаме дека постои **онтолошки оптимизам за безбедна општо-општествена иднина**. Под наведениот *онтолошки оптимизам* подразбираме и повикуваме на активен, дејствувачки концепт кој е спротивен на секој вид на состојба на пасивно и нереално очекување; сметаме дека онтолошкиот оптимизам постои, затоа што постои општо-општествен и колективен психолошки капацитет, чија смисла егзистира во неговата потенцијална насоченост за (можеби веќе отпочната) општо-општествена и безбедносно-релевантна реакција на актуелната пандемија, со примена на знаења стекнати од слични безбедносно-загрозувачки состојби и процеси.

**5.** Според тоа, ќе напомниме дека научната примена на нашата филозофско-безбедносна концепција, ќе овозможи развивање на една од возможните методики за воспоставување на **оптимална состојба на егзистирање на каузално поврзаните видови на поединечна, национална, регионална и глобална безбедност, онакви какви што *треба* да бидат, за разлика од *постојната и новосоздадена* пандемски предизвикана безбедносна состојба**[68]; дополнително, споменатата филозофско-безбедносна концепција, можеби ќе овозможи **(до)развивање на стратегии за одржување на светот, на сојузите на држави, на поединечните држави и на поединечните општества како *битија со смисла*** - со овозможување на употреба и одржување на витално важниот концепт на антиципативност на општо-општествениот поредок, како и на поединечните општествени поредоци во кои функционираат поединците, државите како посебни општествени групи, како и останатите општествени групи.

**6.** И конечно, сметаме дека со нашата филозофско-безбедносна концептуализација, придонесовме во формирањето на научни основи на

[68] Споменатиот и применет пристап е развиен врз основа на нашата ***основна хипотеза*** при втемелувањето на ***онтологијата на безбедноста*** (како *посебна филозофска дисциплина*), чие поставување упатува на **постоењето на разлика помеѓу безбедносните појави онакви какви што се (односно, онакви какви што битисуваат, односно егзистираат) и онакви какви што *треба* да егзистираат, врз која разлика *филозофијата на безбедноста*, конкретно *онтологијата на безбедноста* може да ја гради својата *аксиолошка анализа* на битието на безбедноста**. За наведеното, може да се види во: Cane T. Mojanoski, & Goce Arizankoski & Zlatko Angjeleski, (2020). *Ontology od Seuritiy (Appendix to the establishment and devolopment of the Phsilosophy od Security).* Во Cane T. Mojanoski (Ур.), International scientific Conference: *The Euro-atlantic values in the Balkan Countries* (Volume II), Faculty of Security- Skopje, Ohrid, 2020., p. 86.

констатирањето, евидентирањето, конкретизацијата и операционализацијата на проблемот на загрозувањата на поединечната, националната, регионалната и глобалната безбедност предизвикани од егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 како посебна безбедносно-загрозувачка појава и предизвиканите безбедносно-загрозувачки појави од неа (директно или индиректно).

## 4. СЕЛЕКТИРАНА БИБЛИОГРАФИЈА

**1.** Антовска-Митев, Марица, Дранговска, Татјана, *Истражување за ковид-19: Процена на состојбите и перцепциите на населението во Република Северна Македонија за пандемијата предизвикана од новиот корона вирус*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*,Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година.

**2.** Аризанкоски, Гоце, *Теоретски основи на Социологијата на безбедноста (обид за втемелување на нова научна дисциплина во системот на науки)*, Годишник на Факултетот за безбедност, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 година.

**3.** Blanuša, Nebojša, *Uloga teorija zavjera i konstrukciji političke zbilje u Hrvatskoj: analiza političkog diskurza 1980. - 2007. godine (doktorska disertacija)*, Fakultet političkih znanosti Sveučilišta u Zagrebu.

**4.** Breton, Filip, *Izmanipulisana reč*, Clio – Beograd, Beograd, 2000 godina.

**5.** Гутереш, Антонио, *Во моментов ковид-19 е број еден закана за глобалната безбедност*, https://plusinfo.mk/guteresh-vo-momentov-kovid-19-e-bro-eden-zakana-za-globalnata-bezbednost/ (последен пат посетен на 17 септември 2020 година)

**6.** Ѓонеска, Билјана, Проблематичната употреба на интернетот во проблематичното време на пандемија, во: Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година.

**7.** Жижек, Славој, *Пандемја: Ковид – 19 го тресе светот*, Арс Либрис, Скопје, 2020 година.

**8.** Ивановска-Дациќ, Александра, *„Паметниот“ текстил во борбата против пандемиите*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година.

**9.** Ignjatović, Đorđe, *Epidemiološka kriminologija*, Sociologija, Vol. LVII (2015), N° 2.

**10.** Кајперс, Е. Стефан, *Образование за автентичност: повторно разгледан парадоксот за морално образование*, во: Харви Сигел (ур.), *Прирачник за Филозофија на образованието*, Европа 92, Кочани, 2014 година.

**11.** Камбовски, Владо, Тупанчевски, Никола, *Казнено право – посебен дел*, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Скопје, 2011 година.

**12.** Костовски, Стефан, Саркањац, Бранислав, *Социологија на медицината*, Филозофски факултет – Скопје, 1999 година.

**13.** Крајчевска, Евгенија, Дединец, Александра, Коцарев, Љупчо, *Сентиментална анализа на Твитер податоци за време на ковид-19 пандемијата во Република Северна Македонија во споредба со светот*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година.

**14.** Мијалковић, Саша, *Национална безбедност*, Криминалистичко-полицијска академија – Београд, Београд, 2009 година.

**15.** Мијалковић, Саша, Поповић, Марија, *Увод у студије безбедности*, Криминалистичко-полицијска академија – Београд, Београд, 2015 година.

**16.** Млађан, Драган, Кекић, Далибор**,** *Вандредна ситуација – прилог концептуалном одређењу безбедности*, Наука-Безбедност-Полиција, часопис Криминалистичко-полицијске академије - Београд, Год. 12, број 3, 61-83, Београд, 2007 година.

**17.** Мојаноски, Т. Цане, *Методологија на безбедносните науки: истражувачка постапка (книга II)*, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, 2012 година, стр. 13-17.

**18.** Мојаноски, Т. Цане (2010). За поимот наука за безбедноста (асфалиалогија). (Ц. Т. Мојаноски, Ур.) *Годишник на Факултетот за безбедост*, стр. 12-23.

**19.** Мојаноски, Цане, *Дилеми во дефинирањето на Методологијата на асфалиалогијата*, Зборник на трудови од научно-стручната конференција „Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија“ (Охрид, 17-18 септември 2010.), Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 година.

**20.** Mojanoski, C. T., & Arizankoski, G. (2019). *Basic of Security Philosophy*. Во M. Gjurovski (Ур.), 10th International Scientific Conference „*The great powers influence od the security of small states*” (Том I, стр. 152-165). Ohrid: Faculty of Security- Skopje.

**21.** Mojanoski, C. T., & Arizankoski, G. & Angjeleski, Z. (2020). *Ontology od Seuritiy (Appendix to the establishment and devolopment of the Phsilosophy od Security)*. Во Cane T. Mojanoski (Ур.), International scientific Conference: *The Euro-atlantic values in the Balkan Countries* (Volume II, стр. 79-90). Ohrid: Faculty of Security- Skopje.

**22.** Николовска, Маја, Коцарев, Љупчо, *„Краток преглед на методите од биоинформатика и машинско учење во борбата против пандемијата од заразата од ковид-19“*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година.

**23.** Поп-Јорданова, Нада, *За невропсихијатриските манифестации кај инфекцијата од ковид-19*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година, стр. 84.

**24.** Rokvić, Tanja, *Sekuritizacija zdravlja: dali je javno zdravje pitanje nacionalne bezbednosti u Republici Srbije*, МР 2-3, 2016 година.

**25.** Сигел, Харви (ур.), *Прирачник за Филозофија на образованието*, Европа 92, Кочани, 2014 година.

**26.** Smiljanić, Dražen, *Perspektiva evolucije strategija obrane i nacionalne sigurnosti nakon pandemije koronavirusa*, Strategos, 4(1), 2020 god., str. 119-120.

**27.** Suzić, Nenad, *Sociologija obrazovanja*, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Republike Srpske, Srpsko Sarajevo, 2001 godina.

**28.** Termiz, Đevad, Milosavljevič, Slavomir, *Analitika*, NIK Grafit, Lukavac, 2008.

**29.** Томовски, Игор, Абази, Алајдин, *„Прелиминарна нумеричка анализа на алгоритам (протокол) за контролирано стекнување со колективен имунитет во услови на епидемија во комплексни мрежи“*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година.

**30.** Фити, Таки, *Економската криза од КОВИД-19 и нејзините импликации врз македонската економија*, во: *Зборник на трудови „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19“*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, август, 2020 година.

**31.** Цебаловић, Д. Момчило, Јевтовић, Зоран, *Пропагандни ланац информисања у кризним ситуацијама*, Култура полиса, год. XV (2018), бр. 36, стр.

**32.** Huremović, Damir, *Psihijatrija pandemije*, Нова галаксија – научни магазин, ,https://galaksijanova.rs (сајтот е посетен последен пат на 3.11.2020 година).

# АРМИЈАТА ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРЕВЕНЦИЈАТА И СПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (АНАЛИТИЧКИ ОСВРТ)

Проф. д-р М. Дојчиновски и Ф. Младеновски

Проф. д-р М. Дојчиновскки, редовен професор, полковник, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" – Универзитет „Гоце Делчев",
E-mail: metodija.dojcinovski@ugd.edu.mk.

Ф. Младеновски, потпоручник, Министерство за одбрана - Армија на Република Северна Македонија
E-mail: fmladenovski17@gmail.com

**АПСТРАКТ**

Секојдневните глобални ризици и закани по националната безбедност се одлика на модерниот свет во кој живееме. Миграцијата како појава е започната паралелно со човековото постоење. Потребата од нормални и безбедни услови за живот, *де факто* е директен иницијатор за човековата миграција. Мигрантската криза која ја погоди Европа беше перципирана како закана по безбедноста и стабилноста на континентот. Геостратешката позиција на нашата земја беше дел од рутата која мигрантите по секоја цена беа подготвени да ја поминат. Армијата, како иституција која ужива најголема доверба помеѓу народот, како и секогаш застана одлучно пред предизвикот.

Безбедносните служби на државата, како земја кандидат за влез во НАТО Алијансата, која е во период и процес на преговори за приклучување во пактот, беа принудени да преземат одредени круцијални чекори со цел зачувување на безбедноста на границите и справување со мигрантската криза. Безбедносниот столб на државата беше ранлив, особено кога мигрантската криза ја доживеа својата кулминација во 2015 година. Во трудот се анализирани и претставени сите фактори кои имаа директен импакт врз глобализацијата на мигрантската криза како проблем, но, и целокупниот сплет на мерки, постапки и активности кои државата, а, пред сè, Армијата, во соработка со другите државни безбедносни органи имаше задача да ги преземе и успешно да ги

реализира, сè со цел за воспоставување стабилизација на кризата и обезбедување на државните граници.

Високиот степен на координација помеѓу безбедносните органи и институции беше од приоритетно значење и неопходен за успешна реализација на мисијата. Таквите круцијални чекори директно резултираа со минимизирање на опасностите и заканите, а придонесоа за целисходно раководење со кризата и зачувување на мирот и националната безбедност.

**Клучни зборови**: Миграција, Армија, национална безбедност, криза, стабилност.

## ABSTRACT

The everyday global risks and threats to national security are a feature of the modern world that we live in. Migration as a phenomenon began in parallel with human existence. The need for normal and safe living conditions is de facto the direct initiator of human migration. The migrant crisis that hit Europe was perceived as a threat to the continent's security and stability. The geostrategic position of our country was part of the route that migrants were ready to cross at any cost. The Army, as an institution that enjoys the greatest trust among the people, as always stood firmly in front of the challenge. The state's security services, as a candidate country for joining the NATO Alliance, which is in the period and process of negotiating accession to the pact, have been forced to take some crucial steps in order to preserve border security and deal with the migrant crisis. The country's security pillar was vulnerable, especially when the migrant crisis culminated in 2015. The paper analyzes and presents all the factors that had a direct impact on the globalization of the migrant crisis as a problem, but also the overall set of measures and activities that the state, and especially the Army, in cooperation with other state security structures undertakes and successfully implements in order to establish stabilization of the crisis and secure the state borders. The high level of coordination between the security structures and institution was a priority and necessary for a successful realization of the mission. Such steps have directly resulted in the minimization of dangers and threats, and have also contributed to the proper management of the crisis and the preservation of peace and national security.

**Keywords**: Migration, Army, national security, crisis, stability.

## 1. Мигрантската криза како глобален проблем и закана по националната безбедност

Геоположбата на нашата држава е директен индикатор на можноста од закана по мирот и внатрешната стабилност. Меѓуконтиненталниот простор кој ги поврзува Европа со Азија и Африка, е погоден за криминогени активности со кои се постигнува големо влијание во меѓународниот свет. Безбедноста на државата, вклучително и сите нејзини субјекти, односно граѓаните и економијата, претставуваат комплексна состојба која е подложна на одредени безбедносни закани. Таа може да биде дестабилизирана и нападната од одредени надворешни или внатрешни облици на загрозување, како што се тероризмот, хибридните закани, вооружената агресија, шпионажата, екстремизмот, уфрлувањето на вооружени групи, разузнавачката дејност или други. Потенцијални причини за националната несигурност вклучуваат и активности на други држави, но и на одредени недржавни играчи.

Концептот за човекова безбедност којашто може да се добие од Клаузевицевата парадигма, беше развиен на крајот на Студената војна, кога Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) предложи промена на фокусот на безбедноста. Во 1994 година, УНДП идентификуваше четири основни карактеристики на човековата безбедност (човековата безбедност е прашање на универзална загриженост, нејзините теми меѓусебно се зависни, подобро е да се справиме што порано отколку подоцна, а таа е во центарот на луѓето), и беа наведени седум категории на безбедносен предизвик (економија, исхрана, здравство, животна средина, персонал, заедници, политика), заедно со шест големи закани (раст на населението, економски диспаритети, миграциски притисоци, деградација на животната средина, трговија со дроги и меѓународен тероризам).[69]

Процесот миграција се однесува на влез (имиграција) или излез (емиграција) на одредена група на луѓе која од обично преминува од една на друга локација, со намера да се смести на таа локација, привремено или трајно. Овој процес може да биде доброволен или насилен, легален или нелегален, внатрешно во една држава или преку меѓународни граници. Бегалците се подгрупа на меѓународните мигранти кои бараат азил или стекнале одредена надворешна заштита под условите на Конвенцијата за бегалци на Обединетите нации од 1951 година.[70]

Во последната деценија бруталната ескалација на вооружените конфликти од Северна Африка до Западна Азија принуди милиони луѓе да ги напуштат своите домови. Денес, особено и крајно е нестабилна ситуацијата во земјите на потекло на бегалците - Сирија, Авганистан, Ирак.

---

[69] UNDP, Human Development Report 1994 (New York: Oxford University Press, 1994), стр. 22-24.

[70] What is migration? ESchoolToday, преземено на 27 октомври 2020 година. http://eschooltoday.com/human-migration/what-is-migration.html.

Кулминацијата на мигрантската криза во 2015 година, заедно со целиот безбедносен товар кој го носи кризата со себе, беше етикетирана како безбедносна закана со висок степен на ризик. Таквата ситуација го алармираше безбедносниот систем во нашата земја, а особено беше ставен акцент на границите и граничниот појас. Несомнено, безбедноста на државните граници е директен показател за целокупната безбедност на една држава.

Нашата држава низ историјата од своето осамостојување, неколку пати се соочуваше со слични проблеми, односно успешно управуваше со пет бегалски кризи. Начелно, варираше степенот на ризик како епитет кој го носеше секоја криза посебно. Почнувајќи од настаните во 1991 година во Република Албанија, преку кризните воени дејствија во Босна и Херцеговина 1992 година, кризата во Косово 1999 година, внатрешниот конфликт на сопствената територија во 2001 година и, секако, последниот масовен бегалски бран кој ја погоди нашата земја но и цел европски континент, достигнувајќи го најголемиот пик во 2015 година.

## 1.2. Мигрантска криза во Европа (2015-2016 година)

Од мај 2017 година, ФРОНТЕКС (Агенција за зачувување на европските граници и крајбрежја), (FRONTEX), ги идентификуваше и претстави овие осум главни рути преку море и копно кои се користени за мигрантите да навлезат во Европската Унија:

- Западно-африканска рута
- Западно-медитеранска рута
- Централно-медитеранска рута
- Апулија и Калабрија рута
- Албанија - Грција кружна рута
- Западно-балканска рута
- Источно-медитеранска рута
- Источна рута[71]

IOM (Меѓународна организација за миграција) и УНХЦР (Канцеларија на Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации), проценија дека 1.005.504 мигранти и бегалци пристигнале во Европа од 1 јануари до 21 декември 2015 година, што претставува 3-4 пати поголем број на мигранти споредено со 2014 година.[72]

Само 3 % (34.215) пристигнале преку копно до Бугарија и Грција, останатите се дојдени преку море до Грција, Италија, Шпанија, Кипар и Малта. Поголемиот дел пристигнале преку море во Грција (816.752); Италија (150.317); со мал пад на мигранти споредено со 2014 година, односно 170.000.[73]

[71] Risk Analysis for 2017, FRONTEX European border and coast guard agency. Стр. 18-20.

[72] „Irregular Migrant, Refugee Arrivals in Europe Top One Million in 2015: IOM“. IOM. 22 December 2015. Преземено на 25 октомври 2020 година. https://www.iom.int/news/irregular-migrant-refugee-arrivals-europe-top-one-million-2015-iom.

[73] Исто.

Половина од мигрантите кои го поминале Средоземното Море биле од Сирија, 20 % од Авганистан и 7 % од Ирак. IOM процениле дека вкупно 3.692 мигранти и бегалци ги изгубиле своите животи обидувајќи се да го поминат Средоземното Море, речиси 400 жртви повеќе отколку во 2014 година.[74] Од вкупниот број мигранти, 2.889 мигранти загинале во Централното Средоземно Море, а 731 мигрант во Егејското Море. Голем дел од жртвите ги загубиле животите во несреќи од потонување на малите и неквалитетни бродови кои биле преполни со мигранти, пречекорувајќи ги стандардите за капацитет на пловилото.

Во 2015 година, Грција го зазема првото место како главна точка на пристигнување на мигрантите, со тоа што само во првите 6 месеци од 2015 година, миграциските бројки ја надминаа целосно 2014 година. 67.500 мигранти пристигнале во Италија, главно, од Еритреја (25 %), Нигерија (10 %), и Сомалија (10 %). Додека, пак, на грчките острови пристигнале 68.000 мигранти од кои, од Сирија (57 %) и Авганистан (22 %). Вкупно, 137.000 мигранти го поминале Средоземното Море во првите 6 месеци од 2015 година. Во август 2015 година, УНХЦР потврдила дека 250.000 мигранти пристигнале во Европа до сега преку море, од кои, 124.000 во Грција и 98.000 во Италија. Според ФРОНТЕКС, во јули 2015 година бил поставен рекорд на пристигнати мигранти на тлото на Европа, односно 107.500 мигранти за само еден месец.[75]

ФРОНТЕКС објавил дека биле забележани 615.492 илегални премини на границите на Европската Унија во третиот квартал од 2015 година и 978.338 мигранти во четвртиот квартал, односно достигнувајќи вкупно 1,82 милиона за целата 2015 година. И тоа, 872.938 мигранти во Грција, 764.038 во Унгарија и Хрватска и 153.946 во Италија.[76]

## 1.3. Мигрантска криза во Република Северна Македонија

Од јуни 2015 година, Република Северна Македонија е клучна транзитна врска за преку 700.000 бегалци и мигранти кои ја користат Балканската рута со цел да стигнат до „ветените“ земји во Западна и Северна Европа. Оваа бегалска криза, сега за сега, за нашата земја има транзитен карактер, но со сите последици од хуманитарен, економски и безбедносен карактер. Со текот на времето, бегалскиот бран се зголемуваше по интензитет поради усложнувањето на состојбите на Блискиот Исток.[77]

Мигрантската криза предизвика најголем притисок на македонските граници во текот на 2015 година. Неконтролираните бранови на мигранти кои во текот на летниот период достигнуваа од 5.000 до 10.000 лица на еден ден на

---

[74] Исто.

[75] Исто.

[76] FRAN Quarterly – Quarter 4, 2015. FRONTEX European border and coast guard agency, Стр. 6.

[77] Б. Марковски, Европска бегалска криза - предизвик од глобален размер, 26.2.2016 година. Преземено на 29 октомври 2020 година. https://respublica.edu.mk/blog/2016-02-25-10-02-17.

јужната граница ја издигнаа потребата од активирање на системот на кризен менаџмент во Република Северна Македонија. Во првата половина од 2015 година повеќе од 500.000 лица транзитираа низ територијата на Република Северна Македонија, особено во периодот по донесувањето на измените на Законот за азил на 18 јуни 2015 година. Преминувањето на повеќе од половина милион лица низ територијата на земјава неминовно влијаеше на зголемување на безбедносните ризици, не само илегална миграција туку и шверц, користење на рутата за транспорт на лица со намера да извршат терористички напади на европско тло како и превоз на борци-повратници од боиштата во Сирија и Ирак.

На 18 јуни 2015 година, македонската Влада прогласи дека ќе ја смени својата политика кон мигрантите кои илегално влегуваат во земјата. Со промените во политиката со справување со мигрантската криза се донесе одлука, сите оние кои ќе навлезат во територијата на тогашната Република Македонија, да имаат право на период од 3 дена привремен азил со цел да им биде дадено доволно време да одлучат дали да ги поминат границите на легален начин или да побараат азил од државните органи. [78]Мигрантската криза е перципирана како безбедносна закана по неколку основи. Најпрвин, населението во Европа се плаши дека мигрантите со потекло од не-европски земји можат да ја загрозат или целосно да ја променат демографската структура на населението на континентот.[79] Исто така, фактот дека мигрантите имаат потекло од завојувани земји, односно земји во кои се одвиваат конфликти. Таа одлика може да претставува опасност од искористување на мигрантските бранови за уфрлување и инфилтрација на потенцијални терористи и премин преку нашата граница.

[78] Законот за азил и привремена заштита од 18 јуни 2015 година. „Службен весник на Република Македонија", бр. 101/2015.

[79] Valerie Hudson, 'Europe's main problem', Politico magazine, 5 January 2016. Преземено на 28 октомври 2020 година. https://www.politico.com/magazine/story/2016/01/europe-refugees-migrant-crisis-men-213500.

**Графикон бр. 1. Според демографските карактеристики (пол и возраст), најголем број од бегалците и мигрантите биле мажи (244.295 лица), проследени со деца (148.051 лица) и жени (85.510 лица).**[80]




**Графикон бр. 2. Динамика на транзит на бегалци и мигранти низ територијата на РС Македонија во периодот помеѓу 19 јуни 2015 година (во 00:00 часот) и 7 март 2016 година (во 24:00 часот), по месец и пол/возраст.**[81]

[80] Дневни брифинзи објавени на официјалната интернет-страница на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Преземено на 25 октомври 2020 година. http://mvr.gov.mk/vesti.

[81] Исто.




## 2. Соработка и координација на безбедносниот систем

Нашиот безбедносен систем во изминатиот период е значително подобрен, но секогаш постојат ранливи страни. Ниту најголемите светски држави не успеваат да ги детектираат и спречат нападите кои во последно време беа зачестени. Тие напади и закани кон безбедносниот систем придонесоа за трајно модернизирање и усовршување на системите за национална безбедност сé со цел одржување на мирот, стабилноста и безбедноста на државата и своите граѓани. Управувањето со безбедносниот сектор опфаќа широк спектар на структури, процеси и вредности кои ги обликуваат одлуките за безбедноста и нивната имплементација. Европската Унија и НАТО нудат помош и насоки со цел обнова и реформирање на безбедносните структури на западно-балканските земји. Земјите од Западен Балкан се во процес на инкорпорирање на евроатланските безбедносни норми и стандарди.

Граничната контрола е нормален и секојдневен процес кој и овозможува на државата и нејзините безбедносни структури да вршат целовремена и целисходна контрола за влез и излез од државата, односно државната граница. Овој процес има за цел да се зачува националната безбедност, територијалниот интегритет како и мирот и стабилноста во државата со спречување на потенцијални опасности и премини на сомнителни лица. Граничната контрола се одвива според пропишаниот Закон за гранична контрола кој ги регулира целта, задачите и надлежностите на полицијата.

Реформите кои Владата, нејзините органи и институции на Република Македонија ги презеде со цел за подобра организација при гранична контрола

и подобрување на ефикасноста на системот за гранично обезбедување како и зголемен проток на луѓе, продукти и капитал. Таквите мерки се во рамките на IBM (Integrated Border Management), Интегрирано гранично управување. Со оглед на евроатлантските аспирации на нашата држава, беше потребно да се напушти поранешниот систем на обезбедување на државната граница, односно да се примени европскиот систем на Интегрирано гранично управување. За таа цел во октомври 2003 година од страна на Владата на Република Македонија беше усвоена Национална стратегија за Интегрирано гранично управување. Со преземањето на надлежностите од Граничната полиција почна надградување на системот за Интегрирано гранично управување со преструктуирање на персоналните, административните и материјалните капацитети според стандардите на Европската Унија кои се однесуваат на гранични проверки и граничен надзор. Со етаблирањето на Граничната полиција на сите нивоа: стратешко, оперативно и локално, како и со вклучување на други министерства и агенции во Интегрираниот систем на гранично управување, Република Северна Македонија доби современ национален безбедносен сегмент способен да одговори на сите предизвици од граничната безбедност на Република Северна Македонија, но и безбедноста и борбата со прекуграничниот криминал со земјите во регионот и во Европската Унија.

Таквиот систем на управување кој е усогласен и во координација со соседните земји, подоцна ќе придонесе за зацврстување на партнерството, стабилноста во регионот и економски раст, но, исто така, ќе ги редуцира и безбедносните закани, особено во погледот илегалната миграција и прекуграничниот криминал.[82]




**Слика бр. 1. Постапки и дејности при гранична контрола**

Со Законот за гранична контрола се уредуваат граничната контрола, надлежностите на полицијата во внатрешноста, соработката помеѓу државните

[82] National Integrated Border Menagement Development Strategy 2015-19, Скопје, септември 2014 година. Стр. 6.

органи кои имаат надлежност во граничното управување и меѓународната полициска соработка.[83] Граничната полиција не беше во можност целосно да го преземе товарот и успешно да раководи со обезбедувањето на границите. Комплексноста на кризата по достигнувањето на нејзината кулминација во 2015 година, беше знак за алармирање на Кризниот менаџмент а со тоа и паралелно донесување на итни одлуки за испомош при обезбедување на државната граница. Неколку дена после прогласување на кризна состојба на јужната и северната граница на 20 август 2015 година, тогашниот претседател на државата донесе наредба за ангажирање на Армијата со цел асистенција на полицијата при граничното управување.




**Графикон бр. 3. Процес на донесување одлука за ангажирање на вооружените сили на Армијата на РС Македонија.**

Според членот 6 од Законот за управување со кризи, Армијата на Република Северна Македонија може да учествува со нејзини сили и капацитети во случај на кризна состојба. Членот 35 е поспецифичен и регулира дека „Дел од Армијата учествува во поддршка на полицијата во услови кога со кризната

[83] Закон за гранична контрола „Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05 од 04.05.2005 година. Член 1.

состојба е загрозена безбедноста на Републиката, а органите на државната управа немаат соодветни ресурси и средства за нејзина превенција и справување“. По предлог на Владата, за учество на дел од Армијата во справувањето со кризната состојба, одлучува претседателот. Процесот на ангажирање на армиските единици како асистенција на полициските сили започнува со доставување на предлог од Управниот комитет кон Владата. Таквиот предлог мора да ги прецизира барањата за видот и бројот на сили кој е потребен, нивниот капацитет, целта и потребните задачи и времетраење на активноста и ангажирањето на Армиската единица. Претседателот одлучува и ја донесува наредбата, и е целосно правно поддржан во секој момент да донесе промена или прекин на издадената наредба.

## 3. Армијата во превенција и справување со безбедносните предизвици од миграцијата

Како земја членка во НАТО, Република Северна Македонија, помогната од пактот но и самостојно, со минимална помош од соседните земји, успешно менаџираше со предизвиците кои ги донесе мигрантската криза. РС Македонија, во координација со земјите членки на Европската Унија, ФРОНТЕКС, УНХЦР и соседните земји, презема одредени мерки и протоколи според кои се регулираше протокот на мигранти низ македонска територија. Армијата на РС Македонија беше од значајна улога за воспоставувањето на тие мерки со кои се редуцираше илегалниот премин преку критичните места од граничните предели, кои тешко можат да се контролираат. Од почетокот на прогласувањето на кризната состојба на јужната и северната граница, беа испратени вкупно 2.500 војници кои во асистенција со полицијата, имаа значителен придонес во ефикасно справување со предизвиците од мигрантската криза и неутрализирање и минимизирање на сите опасности кои доаѓаат паралелно со неа.

После одлуката на претседателот, беше изработен целосен стратегиски план за употреба на Армијата. Војската беше распоредена на јужната граница и тоа на најкритичните точки. Распоредените единици на Армијата покриваа околу 50 километри гранична линија, изведувајќи набљудување, извидување и патролирање со цел да ја осигурат граничната зона од илегални преминувања. Раководството на Армијата разви неколку можни сценарија во случај бројот на мигрантите и бегалците да ги надмине капацитетите на безбедносните сили. Можноста да се мобилизираат резервните сили беше разгледувана и предложена од пензионираните генерали.[84]

[84] Petreski D., Veljovski G., Iliev A., The changing role of the European militaries in handling the migrant crisis: The adaptability of the Macedonian army, Зборник трудови од Меѓународната научна конференција „Современи концепти на Кризниот менаџмент“, Скопје, април 2017, стр. 27.

Во октомври 2015 година, Европската Унија одобри 17 милиони евра помош за Србија и Македонија за спроведување на потребните итни мерки за воспоставување контрола врз напливот на мигранти.[85] Во ноември 2015 година, Армијата започна со поставување на жичена ограда. Поставувањето на оградата имаше за цел да ги спречи бегалците и економските мигранти, илегално да влегуваат во државата. Ова не ги затвори границите, но ги спроведе и насочи бегалците кон контролните пунктови за официјална регистрација за премин на границата и влез во земјата. Оваа одлука беше изнесена од Советот за безбедност како последна мерка доколку е потребна. Ваквата одлука беше донесена откако неколку европски земји поставија физичка заштита со огради на нивните граници. Како што растеше бројот на економски мигранти од Сирија, Авганистан и Ирак кои се обидуваа да ја преминат границата, жичената ограда која беше поставена од Армијата спречи околу 19.000 нелегални обиди за премин на јужната граница со Грција.

Влошувањето на безбедносната состојба на Блискиот Исток и поволните временски услови за транзит, пропорционално го зголемуваа текот на мигрантските бранови кои пристигнуваа на европско тло. Во периодот од почетокот на 2016 година, македонските безбедносни сили се подготвуваа за втор бран на мигранти. До тој момент, беа регистрирани околу 700 обиди за сечење на оградата која беше поставена од Армијата на Република Македонија. Со оглед на тоа, Армијата беше принудена да додаде дополнителен втор слој на заштита, односно уште еден ред на бодликава жица на јужната граница и со тоа да се зацврсти безбедноста на границата и да се спречат илегалните премини на мигрантите кон Европа.[86]

Одржувањето на мирот и безбедносната стабилност на државата во такви услови беше од приоритетно значење. Ангажирањето на дополнителни припадници на безбедносните структури се покажа како правилен чекор кон воспоставување на контрола на границите. Армијата, во координација и партнерство со Граничната полиција, демонстрираше високо ниво на професионалност и ефикасност во намалување на заканите и зачувување на националната безбедност.

Голем број на иницидenti се случуваа претежно на јужната граница. Во тие инциденти мигрантите одбиваа наредби од официјални лица или кога се во поголем број, покажување на агресивно однесување и немири кон безбедносните служби. Такви инциденти беа забележани на границите низ целата Балканска рута. При пресретнување на службените лица кои вршат обезбедување и мигрантите кои нелегално ја поминуваат границата,

[85] ‘EU approves additional €17 million to help Serbia and the Former Yugoslav Republic of Macedonia cope with refugee influx’, European Commission, Press release, Brussels, 8 October 2015.

[86] АРМ ја удвојува оградата на јужната граница. Охрид 24, 8 февруари 2016. Преземено на 24 октомври 2020 година. http://www.ohrid24.mk/арм-ја-удвојува-оградата-на-јужната-гр/.

мигрантите одбиваа наредби да застанат, а непоколебливо влегуваа и во насилен физички контакт.[87]

## 3.1. Тактичко-борбени постапки при обезбедување на границите

Зајакнатото и непрекинато обезбедување и контролирање на државните граници како испомош на Министерството за внатрешни работи и Граничната полиција го презеде Првата пешадиска бригада (1. Пбр). Пешадиската бригада претставува повисока здружено-тактичка единица која како главна борбена сила на Армијата обезбедува готови сили за заштита и поддршка на националните интереси и дава поддршка при природни катастрофи, епидемии и други опасности. Во ротации на персоналот од нејзиниот состав, припадниците од бригадата дадоа значителен придонес за воспоставување контрола над актуелната мигрантска криза.

**Графикон бр. 4: Структура на 1. Пбр.**




Во координација со Министерството за внатрешни работи (Граничната полиција), Армијата презема одреден реон на одговорност каде што се изведуваа заеднички гранични контроли. Но, исто така, Армијата изведуваше самостојни активности како патроли и гранични контроли со што директно придонесе за подобрување на безбедноста на границите.

Армијата своето дејствување го приспособи соодветно според одлуката и потребите за ангажирање на Армијата и во координација со Министерството за внатрешни работи. Со спроведување на одредени тактички постапки и активности беа реализирани секојдневните патроли и обезбедувања на граничниот премин со што нашата Армија покажа високо ниво на професионалност и обученост.[88]

[87] Risk Analysis for 2016, FRONTEX European border and coast guard agency, Стр. 45.
[88] Одлука за употреба и ангажирање на Армијата за справување со мигрантската криза. Донесена од тогашниот врховен командант, претседател Ѓорѓе Иванов, врз основа

Од поглед на тактиката и постапките, на нашите припадници им беше дозволено и тие одлучно преземаа неколку постапки при контролата меѓу кои:

- **Обезбедување**, кое претставува запоседнување и задржување на специфични и критични позиции на теренот. Притоа, да биде постигнато со или без употреба на сила.
- **Физичко присуство на воени сили**. Самото присуство на вооружени сили има одбранбен и заштитнички ефект.
- **Спроведување**, изведено со изградба на препреки, мрежа или употреба на природни објекти за насочување на мигрантите кон легален граничен премин.
- **Расчистување**, односно елиминирање на секаков вид на отпор од мигранти, толпа, демонстрации и воспоставување на ред.
- **Блокирање**, што претставува попречување на движењето на мигрантите и оневозможување на пристап на одреден простор или движење во одредена насока.
- **Запречување**, односно, употреба на физичка сила или несмртоносни оружја и методи со цел растерување на одредена група мигранти од некој простор.
- **Оневозможување**, кога конфликтната ситуација бара употреба на несмртоносно оружје со цел спречување ескалација на настанот, особено во случаи кога одредени лица имаа насилен однос кон безбедносните сили.
- **Уништување и неутрализирање**, тактичко-борбена постапка при која се применува употреба на огнено оружје кога во одреден случај директно се загрозени безбедносните сили или при детектирање на сомнителни лица или терористи кои претставуваат директна опасност по безбедноста на армиските припадници.[89]

Освен овие тактичко-борбени постапки, Армијата спроведуваше и активности на мирно пренасочување и транспорт на мигрантите како и обезбедување на сигурни услови за работа на објектите за прием и регистрација на лицата кои влегуваа во земјата, како и контрола во текот на ноќта која беше спроведена со користење на уреди за ноќно гледање и термални камери.[90] Армијата на Република Северна Македонија извршувајќи ги задачите крајно професионално, секојдневно спречуваше десетици а во одредени денови и стотици обиди за нелегални преминувања на државната граница при што вкупно беа спречени повеќе од десетици илјади такви обиди.

---

на одлуката за прогласување кризна состојба на јужната и северната граница, „Службен весник на Република Македонија“, бр.141/2015. Август 2015 година.

[89] С. Цветковиќ, Тактика како вештина, Борбени дејства на баталјон, Воена академија – Скопје, 2002 година.

[90] Словачки полицајци ќе патролираат на македонско-грчката граница. Правдико, 4.2.2019. Преземено на 27 октомври 2020 година. https://www.pravdiko.mk/slovachki-politsajtsi-ke-patroliraat-na-makedonsko-grchkata-granitsa/.

## 4. Заклучок

Од гледиште на национална безбедност, Армијата на Република Северна Македонија во координација и ефикасна соработка со останатите безбедносни органи и служби и меѓународната безбедносна асистенција, воспостави контрола над точките за влез и излез на мигрантите и бегалците, со примена на соодветни постапки на регистрација. Освен за целите на гранична контрола (како суштински аспект од обезбедување на границите), примената на таквите постапки на регистрација, исто така, беше неопходна за обезбедување и реализација на хуманитарните мерки и помош, како и за да се намали ризикот од експлоатација на бегалците од страна на регионалните криминални мрежи за трговија со луѓе, следствено, поради нивна сопствена безбедност и заштита.

Мерките кои беа преземени од македонските власти за справување со мигрантската криза можат да бидат поделени на пет категории и тоа:

1. Мерки за обезбедување и заштита на националните граници и спречување на илегална миграција, жичена ограда и затворање на границите;
2. Мерки за воспоставување на соработка со други европски земји со специфична цел за обезбедување на материјална и техничка поддршка;
3. Мерки за обезбедување на хуманитарна помош;
4. Мерки за овозможување на трансфер и премин на мигрантите преку Македонија;
5. Мерки за борба против организиран криминал, особено, трговија со луѓе.[91]

Со нападите во изминатите две децении, за кои најголемите терористички организации Ал Каеда и ИСИС преземаа одговорност, терористите испраќаат јасна порака дека се подготвени преку екстремизмот и радикализмот да ги постигнат своите цели и се способни да зададат тежок удар во срцето на Европа, пробивајќи ги најмодерните безбедносни системи. Истражувањата покажаа дека дел од припадниците на терористичките организации кои ги изведуваат нападите, потекнуваат од европските терористички квартови, додека дел беа инфилтрирани преку мигрантскиот бран, односно Балканската рута која поминува преку државните граници од меѓународниот коридор.

Изминатиот период, кој беше своевиден безбедносен предизвик, безбедносните структури на државата вклучувајќи ја и Армијата како постулат врз кој се темели националната безбедност, покажаа и докажаа дека високиот степен на координација и меѓусебна соработка води кон прифаќање и отстранување на проблемите, и резултира со рана превенција и заштита од секаков вид на закани и ризици по државноста, националниот интегритет и стабилност.

[91] Современа македонска одбрана бр. 36, Министерство за одбрана на РС Македонија. Скопје, 2019 година. Стр. 30.

## 5. Користена литература


**Книги:**

1. С. Цветковиќ, Тактика како вештина, Борбени дејства на баталјон, Воена академија – Скопје, 2002 година.
2. Современа македонска одбрана бр. 36, Министерство за одбрана на РС Македонија. Скопје, 2019 година.
3. UNDP, Human Development Report 1994 (New York: Oxford University Press, 1994)

**Закони:**

1. Закон за гранична контрола „Службен весник на Република Македонија", бр.29/05 од 4.5.2005 година.
2. Закон за азил и привремена заштита од 18 јуни 2015 година. „Службен весник на Република Македонија", бр. 101/2015.
3. Закон за надзор на државната граница, „Службен весник на Република Македонија", бр.71/06.
4. Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија", бр. 29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015, 39/2016 и 83/2018.

**Научни публикации и трудови:**

1. Risk Analysis for 2016, FRONTEX European border and coast guard agency.
2. Risk Analysis for 2017, FRONTEX European border and coast guard agency.
3. FRAN Quarterly – Quarter 4, 2015. FRONTEX European border and coast guard agency.
4. National Integrated Border Menagement Development Strategy 2015-19.
5. Petreski, D., Veljovski, G., Iliev, A., The changing role of the European militaries in handling the migrant crisis: The adaptability of the Macedonian army, Зборник трудови од Меѓународната научна конференција „Современи концепти на кризниот менаџмент", Скопје, април 2017.

**Веб-страници:**

1. https://www.pravdiko.mk/slovachki-politsajtsi-ke-patroliraat-na-makedonsko-grchkata-granitsa/.
2. http://www.ohrid24.mk/арм-ја-удвојува-оградата-на-јужната-гр/.
3. https://respublica.edu.mk/blog/2016-02-25-10-02-17.
4. https://www.politico.com/magazine/story/2016/01/europe-refugees-migrant-crisis-men-213500.
5. https://www.iom.int/news/irregular-migrant-refugee-arrivals-europe-top-one-million-2015-iom.
6. http://eschooltoday.com/human-migration/what-is-migration.html.

7. http://mvr.gov.mk/vesti.

**Останато:**

1. Одлука за употреба и ангажирање на Армијата за справување со мигрантската криза. Донесена од тогашниот врховен командант, претседателот Ѓорѓе Иванов, врз основа на одлуката за прогласување кризна состојба на јужната и северната граница, „Службен весник на Република Македонија“, бр.141/2015, август 2015 година.
2. ‘EU approves additional €17 million to help Serbia and the Former Yugoslav Republic of Macedonia cope with refugee influx’, European Commission, Press release, Brussels, 8 October 2015.

# ДИГИТАЛНА РЕАЛНОСТ И ИМПЛИКАЦИЈАТА НА НОВ ТИП НА БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА ПО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р ИВАН РИСТОВ
**Министерство за внатрешни работи**
E:mail: ivan.ristov@yahoo.com

## АПСТРАКТ

Основната цел и причина за истражување на дигиталната реалност и како таа продуцира нов тип на безбедносна закана по Република Северна Македонија е потребата да се надополнат постојните теоретски концепти, со четврт тип на реалност која одговара на дигиталната ера во која живееме.

Методологијата опфаќа проучување и анализа на релевантни научни трудови од областа, обработка и анализа на податоци од разни публикации, извештаи и соопштенија објавени од страна на повеќе невладини организации, универзитети, тинк-тенк институти и државни служби, како и некатегоријален пристап на критичко и креативно мислење со цел формирање на нов научен концепт.

Резултатот од квалитативното истражување е дефинирање на нов научен теоретски концепт за дигитална реалност како и детекција на нов тип на безбедносна закана по Република Северна Македонија. Истражувањата покажуваат дека, во периодот кој следи, особено следните пет до десет години, ширењето на незнаење преку специјално обликувана и таргетирана порција на дигитална реалност, како и медиумско и дигитално поставување на агенда и обликување на преференциите на македонските граѓани од страна на внатрешни и надворешни актери (хакерски напади, субверзивни дејствија на разузнавачки служби, троловски фарми, партиски ботови, итн.), ќе предизвикаат општествена фрагментација (поделба на две групации на луѓе: луѓе кои знаат и луѓе кои не знаат) резултирајќи со нов безбедносен ризик дефиниран како недостаток на квалитетен човечки потенцијал, односно луѓе кои знаат.

**Клучни зборови:** дигитална реалност, медиуми, ширење на незнаење, безбедносна закана

# 1. Видови на реалност

Базирајќи го истражувањето врз теоријата на конструктивизмот како дел од критичките теории за меѓународните односи,  во синтеза со чиста когнитивна (социјално-психолошка) надворешнополитичка анализа (понатаму CFPA[92]) чии врски со социјалниот конструктивизам се најсилни, како и научните откритија за биологијата на човечкиот бихевиорализам и теоријата за човечките потреби и мотивација, произлегува дека реалноста во која човекот живее не е еднострана и еднозначна, туку директно произлегува дека постојат три типа на реалности[93] кои егзистираат паралелно една на друга: *објективна, субјективна и интерсубјективна*.

## 1.1. Објективна реалност

Доминантна парадигма е дека овој тип на реалност постои независно од постоењето на човекот. Независно од нашите идеи, нашите верувања, нашите чувства, парадигми или погледи кон светот. Овој тип на реалност е конструирана од таканаречените „сурови“ факти. Земјата е објективна реалност, ѕвездите се објективна реалност, гравитацијата, електрицитетот итн. Потребно е да се наведе дека во последните неколку години се појавуваат научни истражувања кои ги доведуваат во прашање основните постулати на објективната реалност.[94]

## 1.2. Субјективна реалност

Вториот тип е субјективната реалност. Ова подразбира како ние, секој од нас посебно, интимно ја доживува објективната реалност. Нашите лични убедувања, нашите идеи и верувања, нашите желби. Што чувствуваме, што сакаме, кои се нашите политички погледи, дали чувствуваме глад, среќа, гнев, љубов или емпатија. Како лично ги доживуваме настаните околу нас, дали нечие поведение не охрабрува, не прави депресивни или предизвикува чувство на страв. Субјективната реалност е поле на проучување на повеќе научни дисциплини, особено на психологијата и биолошкиот бихевиорализам. Теоретски, постојат повеќе концепти кои од различен агол го објаснуваат субјективното искуство но на крај никој не нуди конечен одговор на прашањето: Што е човекот и како тој го доживува објективниот свет? Mark Twain во еден од неговите брилијантни текстови, за *човековата мисла* вели

[92]Cognitive approach to Foreign Policy Analysis.
[93]Види повеќе и во делата на Yuval Noah Harari – Sapiens: a brief history of humankind; Homo Deus: a brief history of tomorrow; & 21 lessons for the 21st century; За продлабочена и нова теорија за објективната реалност види кај Donald Hoffman, The Case Against Reality: Why Evolution Hid the Truth from Our Eyes.
[94] Види повеќе кај: Donald Hoffman, The Case Against Reality: Why Evolution Hid the Truth from Our Eyes, August 13, 2019.

дека, таа претставува креација на механичка и автоматска импресија која е примена однадвор, а *инстинктот,* всушност, е стврднатa и преку моќта на навиката умртвена „престрашена мисла“.

Мисла која некогаш била жива и будна но сега безживотна се вселила во потсвеста. Според него, сите човекови верувања се стекнати и се подложни на промена, а само темпераментот е вроден и не може да биде променет. Луѓето се само инструменти, труби коишто изговараат и не се одговорни за тоа што излегува од нив. Надворешните влијанија – во форма на навики, учења, тренинзи, предрасуди и други индиректни инпути – се одговорни за тоа што човекот ќе го каже, заклучувајќи дека, всушност, човекот е машина[95]. Земајќи го предвид времето во кое е пишуван текстот, време кога индустриската револуција и употребата на парната машина зема замав, не треба да не збунува корелацијата на човекот со машина, бидејќи во самата човечка природа е да се прават асоцијации со претходно познати концепти. Од денешна перспектива, во ерата на информатичка технологија и вештачка интелигенција, постојат обиди за поистоветување на човекот со алгоритам. Односно, секој човек е посебен тип на уникатен биохемиски алгоритам[96] кој во зависност од инпутот кој го прима од објективната реалност продуцира сопствен тип на субјективна реалност.

## 1.3. Интерсубјективна реалност

Овој тип на реалност директно произлегува од теоретските концепти на конструктивизмот и теоријата на структурирање на Gidens. Светот е дистрибуција на идеи, а споделените идеи креираат интерсубјективност. Интерсубјективната реалност директно зависи од човековото постоење, комуницирање и меѓусебно споделување на идеи[97]. Интерсубјективната реалност е изградена од *интерсубјективни мрежи на значење*. Значењата се добиваат кога група на луѓе ќе споделат иста идеја, ќе се формира убедување, кое потоа постојано преку самонаведувачки круг меѓусебно дополнително ќе го засилуваат[98]. Секој дополнителен круг сѐ повеќе го затегнува воспоставеното убедување, правејќи го изборот за верување во нешто различно речиси невозможен. Ваквите *мрежи на значења* во себе инкорпорираат

[95]Mark Twain, What is Man? and other essays.

[96]Едноставното дефинирање на поимот „алгоритам“ е — определен број на јасно дефинирани кратки и прости инструкции за извршување на одредена задача, или решавање на зададен проблем.

[97]Види повеќе кај: John Searle, The Construction of Social Reality. New York: Free Press (1995); Chris Brown, Understanding International Relations. New York: Palgrave (2001); Nicholas Onuf, World Of Our Making: Rules and Rule in Social Theory and International Relations. Columbia: University of South Carolina Press(1989); Alexander Wendt, 1992: Anarchy is what States Make of it: The Social Construction of Power Politics, in: International Organization,46/2,391-425; Peter L. Berger, Thomas Luckmann, The Social Construction of Reality: A Treatise in the Sociology of Knowledge, Penguin books, 1966.

[98]Yuval Noah Harari, Homo Deus: a brief history of tomorrow.

верувања, вредности, норми, ставови, парадигми, стереотипи, предрасуди, теории, идентитети, идеологии, митови, религија, фолклор итн. Некои од најзначајните општествени факти во човековата историја се креација на мрежите на идеи. На пример, парите без споделено верување, сами по себе немаат апсолутно никаква објективна вредност. Но, сè додека голема мрежа на луѓе веруваат во идејата дека таа книжна хартија има вредност, со неа може да се купи и храна и пијалак. Проучувањето на историјата, всушност, претставува проучување на ваквите мрежи на значење. Една интерсубјективна реалност која во еден период е доминантна, во друг период е отфрлена честопати и исмејувана.

## 2. Дигитална реалност

Според публикацијата „Меката моќ денес“[99] ***забрзувачкото движење на промените*** – претставува главна карактеристика на светот денес. Меѓународните односи, врски и релации стануваат сè побрзи, поевтини и покомплексни, најмногу како резултат на интернет-технологиите, како и пребрзото креирање и трансфер на податоци. Во 2020 година во светот веќе има повеќе од 26 милијарди уреди приклучени на интернет и 4 милијарди глобални корисници на интернет. Подвлекувајќи го овој факт, ја потенцираме новата улога на податоците како нова валута во односите. Секој ден ексабајти од нови податоци се произведуваат и разменуваат преку интернет. Во 2016 година, светот влезе во „зетабајт“ ера со глобален IP проток кој надмина 1 зетабајт. Во 2020 година, глобалниот IP проток на податоци надмина 2,3 зетабајти. Hartmunt Rosa идентификува 3 главни димензии на забрзувањето: а) *технолошко забрзување* (кое го намалува времето за транспорт или комуникација); б) *забрзување на динамиката на живот* (се однесува на немањето на „слободно“време – поради технолошкото забрзување); и в) *општествено забрзување* (се однесува на тоа дека стапката на промена на едно општество пораснува до таа мера што настанува намалување на времето за кое се случува една општествена промена).[100]

Оттука, времето во коешто живееме не може да се објасни само преку овие три типа на реалност. Потребна е креација на нов тип на реалност која теоретско концепциски ќе одговори на промените кои настанаа со информатичката технологија и big data револуцијата.

[99]Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council; Достапно на: https://www.britishcouncil.org/sites/default/files/3418_bc_edinburgh_university_soft_power_report_03b.pdf; пристапено на 10.10.2020 година.
[100]Rosa, Hartmut. Social acceleration: A new theory of modernity. Columbia University Press, 2013.

Нашиот **оригинален теоретски концепт** е дека постои четврт тип на коегзистирачка, паралелна на постојните три, *дигитална реалност*[101].

***Дигиталната реалност*** претставува повеќеслоен дигитално поврзан ентитет управуван, во голема мера, од вештачка интелигенција и алгоритми, кои се креирани и се во сопственост од страна на моќни корпорации, кој е изграден од сите податоци (во форма на текст, слика, видео, звук и секаков тип на оставена дигитална трага) кои се наоѓаат во кибер просторот, вклучувајќи ги овде социјалните мрежи, чат соби, irc канали и останати типови на софтверска платформа за комуникација, интернет-налози, интернет-пребарувачи, веб-страници и други софтверски решенија како и deep web и dark web. Оваа реалност е во постојана промена и експанзија како резултат на човековата продукција на нови податоци. Секоја прикачена фотографија, напишан текст, прикачен звук, прикачено видео, секое кликање на содржина, споделување (вклучително и deepfake), пребарување, отворање на веб-страница, сурфање, итн. продуцира постојано нови содржини и big data кои стануваат составен дел од повеќеслојната дигитална реалност. Човекот има *пристап до дигиталната реалност* преку секаков тип на смарт уред како медиум преку кој се канализираат информации до неговите сетила.

Интеракцијата и пристапот до дигиталната реалност на секој човек зависи од видот и бројноста на смарт уредите што ги користи, кои интернет-пребарувачи ги користи, географската локација од каде е приклучен на мрежата, алгоритмите кои го таргетираат и информатичката писменост.

Нашето поврзување со дигиталната реалност никогаш не е анонимно.

Од една страна, поради отвореноста и транспарентноста на профилите на социјалните мрежи (особено Facebook, Instagram) чувствуваме потреба да го претставиме нашиот живот во лажно, подобрено светло. Од друга страна, кога имаме чувство дека пребаруваме по мрежата анонимно, ги отвораме најскриените делови на нашето битие. Пребаруваме работи за кои во објективната реалност и интерсубјективната комуникација никогаш не би разговарале отворено со никого. Честопати дури ни со самите себе. Ваквите искрени и вистинити пребарувања ги хранат алгоритмите со нашето вистинско јас. Нашето најдлабоко, тајно, субјективно јас. Оттука, нашата активност во

[101]Дигиталната реалност како концепт се разликува од веќе постојниот концепт за Проширена реалност (Extended reality (XR)), која во себе ги вклучува: Виртуелна реалност - (Virtual reality (VR) - технологија која им овозможува на корисниците да имаат интеракција со компјутерски симулирана околина, без разлика дали е реална или замислена. Најчесто се работи за визуелна симулација, прикажана на компјутерскиот екран или со помош на специјални стереоскопски екрани, но некои симулации вклучуваат и додатни сетилни информации, како, на пример, генериран глас преку звучници или слушалки. Виртуелната реалност има за цел да го потопи корисникот во сосема виртуелно опкружување); Аугментирана реалност (Augmented reality (AR) го подобрува реалниот свет, користејќи дигитално произведени перцепциски преклопувања) и Измиксирана реалност (Mixed reality (MR)) кои ги инкорпорира во себе.

*дигиталната реалност* можеме лесно да ја поделиме во два дела[102]: *дигитална вистина* – пребарувања, views, clicks и swipes; и *дигитална лага*: објави на социјалните мрежи, лајкови на социјалните мрежи, споделувања на социјалните мрежи, dating profiles итн.

На овој начин, моќните и комплексни алгоритми постојано собираат податоци за нас, запознавајќи не многу подобро отколку што не познаваат нашите пријатели, нашите роднини, нашите партнери, всушност многу подобро отколку што ние се познаваме самите себеси, имајќи увид во нашата *субјективна вистина*. Овие податоци подоцна се користат при насочено и индивидуално-обликувано таргетирање. Резултатите кои ги добиваме од страна на интернет-пребарувачите директно зависат од нашата географска локација (од која земја се врши пребарувањето) и нашата претходна активност на интернет- мрежата, обезбедувајќи ни само мал дел специјално креирана и обликувана *дигитална реалност*, која одговара на нашиот профил. На пример, при пребарување на Google, како  корисници, речиси секогаш сме дел од контролиран експеримент по случаен избор. Односно, алгоритмите се програмирани на тој начин постојано да таргетираат две различни контролни групи на луѓе по случаен избор (група А/В) на кои им се прикажуваат различни содржини, мерејќи ја нивната реакција и одговор, користејќи ги добиените резултати за мерење на каузалност и оптимизирање на услугата.

Оваа ***хипотеза*** може да се тестира преку симултано пребарување на Google во две или повеќе различни држави (од различни компјутери или друг тип на смарт уреди) по ***исти клучни зборови*** и тоа: во ***првиот случај*** пребарување на истите клучни зборови на ист јазик; во ***вториот случај*** пребарување на исти клучни зборови во секоја држава, но на јазикот кој се зборува таму; и во **третиот случај** пребарување на исти клучни зборови, во секоја држава на секој од јазиците. На пример, доколку се пребарува симултано во сите балкански земји, ***клучен збор - Сирија***, тогаш во првиот случај би се пребарувало секаде - Syria (на англиски јазик), во вториот случај во секоја земја на јазикот кој се зборува таму (Мк – Сирија, Тр – Suriye, Бг – Сирия, Гр – Συρία, Ср/Хр/БиХ – Сирија, Sirija итн.); и во третиот случај пребарување во секоја земја, секоја форма од овие варијанти. Понудените резултати можат да се анализираат од два аспекта: *извор на содржината* (која веб-страница е доминантна и редослед на веб-страници) и *контекстуална анализа на содржина* (од која перспектива се понудените содржини, дали имаат наклонетост и тенденција). На овој начин може да се утврди, базната – почетна порција на дигитална реалност која ја добиваат граѓаните, која се разликува во зависност од државата од каде е извршено пребарувањето, но во исто време и да се утврди разликата и истоветноста на продуцираната порција. На овој начин може да се измери ***базната порција на дигитална реалност*** која ги обликува ставовите на различните граѓани по одредени прашања (но и интереси, желби, начин на размислување). Доколку пребарувањето во државата А продуцира содржина која во однос на изворите и контекстот на содржината е поблиска до

[102]Seth Stephens – Davidowitz, Everybody lies: What the internet can tell us about who we really are, Bloomsbury, 2017.

содржината на државата Б, во однос на државата В, тогаш граѓаните на А и Б би имале поблизок светоглед и интерсубјективна реалност за исти прашања, кој се разликува од интерсубјективната реалност на граѓаните во државата В. Поради ограничени ресурси но и самиот контекст на овој труд, овде само предлагаме идно истражување кое би опфатило тестирање на повеќе од 20 клучни зборови, симултано во сите дванаесет (12) балкански држави. На тој начин ќе се утврдат базните порции на продуцирана дигитална реалност во балканските држави, како споредбено се разликуваат или совпаѓаат и како влијаат врз креирањето и обликувањето на различна интерсубјективна реалност по истото прашање.

Клучното прашање кое се поставува е кои се импликациите од постоењето на дигитална реалност? Одговорот не е едноставен, но ќе пробаме импликацијата од постоење на дигиталната реалност да ја анализираме според поврзаноста со останатите типови на реалност и како таа влијае врз нив:

а) Во делот на нашата *субјективна реалност*, поврзаноста со различна порција од *дигиталната реалност* директно влијае врз обликувањето на нашето субјективно јас. Поврзаноста со *дигиталната реалност* и содржините на кои сме изложени ја креираат нашата *субјективна реалност*, зајакнувајќи ги или отфрлајќи ги нашите претходни ставови, вредности и идеи, креирајќи нови потреби кои директно влијаат врз нашата мотивација, желби и интереси. На пример: алгоритмите (врз претходно добиени податоци за нас, анализирани и обработени преку споредување на желбите, преференциите и интересите на луѓе кои одговараат на нашиот профил) ни препорачуваат што да гледаме на Netflix или што да купиме од Amazon, каква книга да прочитаме на Blinkist, каква музика да слушаме на Spotify, какво видео да гледаме на YouTube постојано таргетирајќи не со содржини кои се обликувани специјално за нас. При објавување на текст на Facebook, алгоритмите на социјалната мрежа автоматски вршат сентимент анализа на текстот преку која се прави процена колку во моментот се чувствуваме среќни или тажни, според видот и фреквенцијата на зборови што ги користиме. Комбинирајќи ги овие податоци со нашата претходна активност (посетени страни, извршени пребарувања, објавени слики, видеа, посетени профили, лајкови, шерови, кликови...) алгоритмот исфрла нова и обликувана порција на дигитална реалност, затворајќи го кругот кој се претвора во постојано движечка спирала на обликувана и насочена порција на дигитална реалност.




**Слика бр. 1. Добиена порција на субјективна дигитална реалност**

Оваа содржина која ја исфрла *дигиталната реалност* во себе содржи дезинформации, лажни факти, fake news, deep fake, пропаганда[103], контекстуално насочен текст, модифицирани слики, видеа и звук кои креираат незнаење[104], а сето тоа преземено и вградено во *субјективната реалност* на човекот. Откритието за тоа како знаењето и моќта ефективно се користат од страна на институциите (во оваа смисла корпорациите кои ги поседуваат моќните алгоритми и социјалните мрежи) во контролирањето и насочувањето на општеството (вид на социјален инженеринг) во согласност со балансот на моќ во општеството, му се припишува на Michael Foucault[105]. Во неговата книга тој ја објаснува тесната поврзаност помеѓу центрите на моќ и знаењето и насочување на општеството, велејќи дека аргументите во вестите (информациите) се насочувани од страна на контролни групи (центри на моќ), особено во капиталистичките општества. Оттука, според него вестите се само практика, дискурс, кој е далеку од неутрална рефлексија на општествената

[103]За начинот и импактот од користењето на fake news и дигитална пропаганда во политички цели, подетално може да се оствари увид преку проучување на скандалот со британската компанија Cambridge Analytica Ltd (CA), за која се потврди дека има директна вмешаност во американските претседателски избори и кампањата за Брегзит. Преку користење на big data за неколку милиони корисници на facebook и нивно таргетирање со содржини креирани кои одговараат на нивниот психолошки профил, преку комплицирани статистички модели, компанијата директно влијаеше кон промена на однесувањето на таргетираните луѓе и нивно насочување кон однапред зададена цел (гласање, пасивизираност итн.).

[104]Намерното ширење на незнаење се нарекува ***агнотологија***.

[105]Michael Foucault, Archeology of Knowledge, 1972.

реалност и емпириските факти, интервенирајќи директно во *општествената конструкција на реалноста*[106] (интерсубјективната реалност).

Во XXI век идејата дека ширењето незнаење има уште поголема моќ врз масите е водечка парадигма на *дигиталната реалност*.

б) Брзината на споделување на содржини и идеи го менува начинот и брзината на кој се формира *интерсубјективната реалност.* Овој процес на забрзување е поврзан со концептот за „компресија на време-простор“[107] каде новите форми на транспорт и комуникација се дел од новиот начин на живот. Дигиталната интерсубјективна реалност е драстично поразлична од конвенционалната. Во објективната реалност, луѓето имаат тенденција да се дружат со луѓе кои го делат нивниот светоглед, луѓе кои ги познаваат и кои им се блиски. Во дигиталната реалност не постојат правила. Не постојат физички, географски, идеолошки или идентитетски ограничувања. Истражувањата кои се правени во САД покажуваат дека шансите една интернет-страница за вести во исто време да биде посетена од двајца луѓе со различна политичка ориентација се околу 45 %[108]. Дополнително, како резултат на нереалната бројка на пријатели на Facebook,[109] со кои во објективната реалност постојат мали шанси да дојдеме во контакт или да споделуваме идеи, голем дел од информациите на кои сме изложени и кои ги добиваме на Facebook се од луѓе кои застапуваат различна политичка (но и друг тип) идеологија од нашата. Сумирано, *дигиталната реалност,* всушност ги поврзува луѓето со различен светоглед многу поблиску отколку што тие би дошле во контакт во објективната реалност, иако спротивно на конвенционалната логика, резултирајќи со зголемен говор на омраза, уште подлабока поделеност и зајакнување на сопствениот светоглед. Бидејќи секој човек има пристап до дигиталната реалност, споделувањето на неговите идеи му даваат моќ која претходно во конвенцијалната објективна реалност едноставно ја немал. Сега секој човек преку дигиталната реалност може да генерира моќни идеи кои преку нoќ можат да ја изменат интерсубјективната реалност во која група на луѓе живеат, вклучително и на цели држави и нации.

## 3. Креирање на преференци, поставување на агенда и ширење на незнаење

[106]Peter L. Berger, Thomas Luckmann, The Social Construction of Reality: A Treatise in the Sociology of Knowledge, Penguin books, 1966.

[107]Harvey, David. „Time-space compression and the postmodern condition“. Modernity: Critical Concepts 4 (1999): 98–118.

[108]Seth Stephens – Davidowitz, Everybody lies: What the internet can tell us about who we really are, Bloomsbury, 2017.

[109]Психолошките истражувања покажуваат дека секој човек во конкретен период од животот најмногу може активно да комуницира со околу 150 различни луѓе.

Истражувањата во психологијата укажуваат на тоа дека постојат два система кои управуваат со човековото мислење: ***Систем 1*** и ***Систем 2***[110]. ***Систем 1*** оперира брзо и по автоматизам, без или со многу малку труд и без чувство за контрола од наша страна. ***Систем 2*** алоцира внимание кон оние ментални активности кои бараат повеќе труд и вклучуваат комплексни пресметки. Операциите на ***Системот 2*** често се доведени во асоцијација со субјективното искуство на секој човек, изборот кој го правиме и концентрацијата. Повторувањето на искуствата (креирање на навика), вметнатата идеја и доброто расположение креираат леснотија при размислувањето која подоцна продуцира познати чувства, чувствуваме дека нешто е вистинито, имаме добро чувство и не чувствуваме напор. Ваквата состојба овозможува наклонето поведение кое не зависи од нашата волја, туку е извршено по автоматизам.

Според *Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022,* во Република Северна Македонија во првиот квартал од 2017 година, 73,6 % од домаќинствата имале пристап до интернет и 91,2 % од бизнис- претпријатијата со 10 или повеќе вработени имале широкопојасна интернет-конекција.

Анализата на глобалните трендови открива дека информациските „екокомори“ во иднина ќе продуцираат безброј спротивставени реалности, правејќи го споделениот поглед на светот просто невозможен. Тоа е само еден мал дел од безбедносниот ризик со кој се соочуваме како општество. Во наредните 5 години (на пократок рок) до 10 до 15 години (на подолг рок) ќе се соочиме со масовно ширење на незнаење преку специјално обликувани порции на дигитална реалност (кои најчесто ќе бидат поттикнати од земји како што се Русија и Кина) резултирајќи со поделба на две групации на луѓе: ***луѓе кои знаат*** и ***луѓе кои не знаат***.

Овие луѓе кои не знаат, кои неспоредливо ќе бидат во многу поголем обем од другата група, а се директна жртва на ширењето на незнаење преку специјално обликувана и таргетирана порција на дигитална реалност, ќе имаат искривена перцепција и субјективна и интерсубјективна реалност конструирана од лаги, deep fake, fake news, пропаганда и дигитална манипулација, преку константно повторување на лажна содржина, до степен кога **Системот 1** нема да може да препознае нешто што е веќе видено, од нешто што е вистина. Јазот на овие две групации на луѓе ќе биде сè подлабок резултирајќи со фрагментација во општеството, невозможност од меѓусебна соработка и комуникација, апатија кон промените и парализираност на државните институции. Како светската економија ќе се променува од економија базирана на материјали кон економија базирана на знаење, така знаењето ќе биде најголемиот извор на богатство за разлика од материјалните ресурси како што се златото, полињата со нафта, житните полиња и рудниците, а добро образован човечки фактор, ќе претставува најголем ресурс во идните стратегиски натпреварувања помеѓу државите и другите субјекти на меѓународните односи.

[110]Kahneman, Daniel. Thinking, Fast And Slow. New York : Farrar, Straus And Giroux, 2011.

Досегашните истражувања[111] покажуваат дека емитувањето на турските ТВ-серии на националните телевизии во Република Северна Македонија, преку поставување на агенда и креирање и обликување на преференции (преку моделирање на субјективна и интерсубјективна реалност) резултира со промена на јавното мислење во посакувана насока. Ова тврдење статистички е мерено преку две претходно поставени зависни варијабли кои детектираат промени во однесувањето: а) зголемување на македонските туристи во Турција и б) преку истражувањата на Gallup international, за мислењето на јавноста за светските лидери.

Во периодот кој следи, особено следните 5 до 15 години, ширењето на незнаење и лошата состојба во образовниот систем (супстандардни услови, слаб кадар, мала (или целосно отсуство на) инвестиција во научни истражувања) ќе предизвикаат во *најголем безбедносен ризик* за Република Северна Македонија да има *недостаток на квалитетен човечки потенцијал, односно луѓе кои поседуваат знаење.*

## ЗАКЛУЧОК

Трудот претставува обид за внесување на нов научен теоретски концепт во областа на безбедносните науки, преку дефинирање на четврт тип на коегзистирачка, паралелна реалност, односно дигитална реалност и каков тип на безбедносна закана имплицира таа.

*Дигиталната реалност* во трудот е дефинирана како повеќеслоен дигитално поврзан ентитет во голема мера управуван од вештачка интелигенција и алгоритми, кои се креирани и се во сопственост од страна на моќни корпорации, кој е изграден од сите податоци (во форма на текст, слика, видео, звук и секаков тип на оставена дигитална трага) кои се наоѓаат во кибер просторот, вклучувајќи ги овде социјалните мрежи, чат соби, irc канали и останати типови на софтверска платформа за комуникација, интернет-налози, интернет-пребарувачи, веб-страници и други софтверски решенија како и deep web и dark web. Оваа реалност е во постојана промена и експанзија како резултат на човековата продукција на нови податоци. Секоја прикачена фотографија, напишан текст, прикачен звук, прикачено видео, секое кликање на содржина, споделување (вклучително и deepfake), пребарување, отворање на веб-страница, сурфање, итн. продуцира постојано нови содржини и big data кои стануваат составен дел од повеќеслојната дигитална реалност. Човекот има *пристап до дигиталната реалност* преку секаков тип на смарт уред како медиум преку кој се канализираат информации до неговите сетила.

---

[111] Иван Ристов, Турската моќ на Балканот и безбедносните импликации – случај Република Северна Македонија, докторска дисертација, Факултет за безбедност – Скопје, 23.11.2020 година.
достапна на: https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2020/10/Doktorska-Ivan.pdf

Истражувањата покажуваат дека, во периодот кој следи, особено следните 5 до 15 години, ширењето на незнаење и лошата состојба во образовниот систем (супстандардни услови, слаб кадар, мала (или целосно отсуство на) инвестиција во научни истражувања) ќе предизвикаат во најголем безбедносен ризик за Република Северна Македонија да има недостатокот на квалитетен човечки потенцијал, односно луѓе кои поседуваат знаење.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Alexander Wendt, 1992: Anarchy is what States Make of it: The Social Construction of Power Politics, in: International Organization,46/2,391-425; Peter L. Berger, Thomas Luckmann, The Social Construction of Reality: A Treatise in the Sociology of Knowledge, Penguin books, 1966;
2. Chris Brown, Understanding International Relations. New York: Palgrave (2001).
3. Donald Hoffman, The Case Against Reality: Why Evolution Hid the Truth from Our Eyes;
4. Harvey, David. "Time-space compression and the postmodern condition." Modernity: Critical Concepts 4 (1999): 98–118;
5. John Searle, The Construction of Social Reality. New York: Free Press (1995);
6. Kahneman, Daniel. Thinking, Fast And Slow. New York : Farrar, Straus And Giroux, 2011;
7. Mark Twain, What is Man? and other essays;
8. Michael Foucault, Archeology of Knowledge, 1972;
9. Nicholas Onuf, World Of Our Making: Rules and Rule in Social Theory and International Relations. Columbia: University of South Carolina Press(1989).
10. Peter L. Berger, Thomas Luckmann, The Social Construction of Reality: A Treatise in the Sociology of Knowledge, Penguin books, 1966;
11. Rosa, Hartmut. Social acceleration: A new theory of modernity. Columbia University Press, 2013;
12. Seth Stephens – Davidowitz, Everybody lies: What the internet can tell us about who we really are, Bloomsbury, 2017;
13. Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council.
14. Yuval Noah Harari – Sapiens: a brief history of humankind; Homo Deus: a brief history of tomorrow; & 21 lessons for the 21st century.
15. Иван Ристов, Турската моќ на Балканот и безбедносните импликации – случај Република Северна Македонија, докторска дисертација, Факултет за безбедност – Скопје, 23.11.2020 година.

# ТЕОРИИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ, УПРАВУВАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА ВО СООБРАЌАЈОТ

Александар Наумоски
Министерство за транспорт и врски
e-mail: aleksandar0412@gmail.com

д-р Стевчо Јолакоски
Министерство за транспорт и врски
e-mail: stevcejolak@yahoo.com

**АПСТРАКТ**

Целта на трудот е безбедноста на сообраќајот како научна дисциплина која ја изучува меѓузависноста помеѓу сообраќајот и другите процеси во општеството, од една страна, и штетните последици од сообраќајот, од друга страна.
Безбедноста во сообраќајот е тесно поврзана со безбедноста и здравјето на луѓето, како и со нивниот имот. Сообраќајот е во функција на енормниот и брз развој на човештвото, но и причина за сериозни загуби на човечки животи,

сериозни последици по човековото здравје, но и огромна материјална штета. Управувањето со сообраќајот е активност којашто се концентрира на мерки за ублажување на симптомите на сообраќајните проблеми, при што не се третира коренот на причините.

Превентивните активности во сообраќајот се разновидни и се применуваат со поддршка од многу државни органи и институции, како и од многу невладини организации. Истите ќе бидат прикажани преку историскиот метод и методот на дескрипција.

Проблемите поврзани со сузбивањето на сообраќајната деликвенција се комплексни како што и сообраќајот е сложена и комплементарна појава. Особено треба да се потенцира значењето на превентивата преку следење и контрола на сообраќајот и преземање на мерки и активности за санкционирање на одредени видови потешки прекршоци, како што се брзината на движење, управувањето возило под влијание на алкохол, неправилното престигнување и разминување итн.

**Клучни зборови:** безбедност, превенција, сообраќај

## Вовед

Безбедноста на сообраќајот ги изучува меѓузависноста помеѓу сообраќајот и другите процеси во општеството, од една страна, и штетните последици од сообраќајот, од друга страна. Оваа наука ги изучува и се обидува да ги открие законитостите на настанокот на штетните последици од сообраќајот, со цел оптимизација на сообраќајниот процес и намалување на штетните последици.

Во поширока смисла, предмет на безбедноста на сообраќајот се сите штетни последици од сообраќајот, додека, пак, во потесна смисла предметот се поврзува единствено со сообраќајните незгоди или попрецизно за последно мерливите последици на сообраќајните незгоди.

Основната цел на безбедноста на сообраќајот е да ги намали сите штетни ефекти без да го наруши нормалниот тек на сообраќајот (Јолакоски 2014). Активната безбедност на сообраќајот има за цел да ги спречи сообраќајните незгоди и со тоа да ја намали веројатноста за настанување на сообраќајните незгоди. Пасивната безбедност на сообраќајот има општа цел за намалување на последиците од сообраќајните незгоди кои се случиле.

Во однос на методите може да се истакне дека секој метод кој се применува во безбедноста на сообраќајот има свои предности и недостатоци. Па оттука, само со доброто комбинирање на методите доаѓаат до израз предностите и недостатоците на секој од методите. Во оваа категорија методи кои се однесуваат на безбедноста на сообраќајот

спаѓаат: метод на мерење, статистички метод, метод на анкета, метод на научно надгледување, метод на експериментирање, компаративен метод, метод на анализа на случај и експертски метод.

Во современото општество се развиени голем број теории на сообраќајни незгоди. Целта на поголемиот дел од теориите е да ја откријат законитоста на настанокот на сообраќајни незгоди, односно законитостите на учеството на одделни категории на учесници во сообраќајот и во сообраќајните незгоди. Како најбитни теории во овој домен се сметаат теоријата на случај, теоријата на зараза, теоријата на склоност и spell теоријата (P. i. Lipovac 2008).

**Теорија на случај**

Првата научна теорија која се обиде да даде законитост на бројот на незгодите што ќе ги имаат одделни возачи се засноваше врз статистиката, односно врз „Пуасоновата распределба на веројатностите. Пуасоновата распределба на веројатностите се однесува на ретките настани“. [112] Оваа теорија поаѓа од важната претпоставка дека сите возачи имаат еднакви можности да имаат еднаков број незгоди, односно дека на сите возачи им се еднакви можностите да учествуваат во незгодите. Со оглед на тоа дека сообраќајните незгоди се ретки (од аспект на поединецот за којшто ја определуваме веројатноста да има n-незгоди), бројот на незгоди ја има Пуасоновата распределба на веројатностите. Значи, веројатноста некој возач, во набљудуваниот период (при определена километража и интензитет на возењето) да учествува (или да предизвика) во n-незгоди има Пуасоновата распределба и се определува според следнава шема:

$$P\,[N = n\,] = \frac{|\lambda^n}{n!} e^{-\lambda}$$ ,....за...n = 0, 1, 2, 3...

Притоа:

N – Назив на случајната променлива – број на сообраќајни незгоди што треба да ги набљудува возачот во набљудуваниот период

n – конкретната вредност на случајната променлива (може да ги зема вредностите: 0, 1, 2, 3, ...) и

l – интензитет на сообраќајните незгоди (средниот број на незгоди за сите возачи, во набљудуваниот период).

Оваа математичка теорија се потпира врз достигањата во математиката и во теоријата на веројатност. Без оглед на нејзиното

[112] Пуасонова распределба на веројатностите е граничен случај на биномна распределба кога веројатноста на настаните тежи кон нула, т.е. доколку настаните се ретки.

значење во историска смисла, нејзините дострели беа мали. Имено, со оваа теорија не можеа да се објаснат некои појави, а посебно фактот дека определени групи возачи имаат значително поголем дел на незгоди отколку други. Имено, во едно претпријатие за превоз, врз мала група возачи (20 – 30 %) отпаѓа најголемиот број сообраќајни незгоди (и повеќе од 80 %). Од друга страна, пак, постои група возачи коишто во целиот свој работен век немаат ниту една незгода. Ова е редовна појава во претпријатијата за превоз, но слична појава може да се забележи и во вкупната популација на возачи. Овој факт ја оспори почетната претпоставка на теоријата на случај – дека сите возачи имаат иста можност да учествуваат во незгода. Затоа, теоријата на случај не најде значајна поддршка и оправдување во практиката и брзо беше надмината.

**Теорија на зараза**

За да се видат важните разлики во бројот на незгоди меѓу одделни возачи, научниците ја развија теоријата на случај, така што ја воведоа теоријата на зараза. Според оваа теорија, само „првата незгода е случајна и сите имаат подеднаква можност да учествуваат во првата незгода“. По првата незгода се менува односот на поединецот кон сообраќајот. Некои возачи стануваат повнимателни и тешко можат да имаат втора незгода (им опаѓа можноста да имаат втора незгода), додека некои (почесто) стануваат оптоварени со првата незгода и во слични ситуации реагираат несоодветно, па се зголемува нивната можност да имаат последователни незгоди. Оваа категорија возачи, по првата незгода, се заразува со сообраќајни незгоди. Затоа оваа теорија и се вика теорија на зараза.

Првите резултати на примената на теоријата на зараза беа охрабрувачки, бидејќи оваа теорија ги протолкува важните разлики меѓу учеството на одделни групи возачи во сообраќајни незгоди. Меѓутоа, понатаму се покажа дека ниту оваа теорија не може да протолкува некои важни појави. Од друга страна, оваа теорија подразбираше дека на почетокот сите возачи се исти – ја имаат истата можност да учествуваат во незгода. Дури кога некој возач учествува во незгода оваа теорија го истакнува и посебно го проучува. Ова не беше прифатливо во практиката.

**Теорија на склоност**

Практичните барања во врска со теориите на сообраќајните незгоди се движеа од барањата да се објаснат одделни појави до забележувањето на законитоста на настанувањето на сообраќајните незгоди. Посебно се бараше теоријата да понуди одговор за безбедноста на одделните лица – возачи пред тие да учествуваат во незгодите. Теоријата на склоноста е

првата научна теорија што понуди можност да се оцени безбедноста на одделните возачи и пред тие да учествуваат во незгодите. Оваа теорија тргнува од претпоставката дека „различни луѓе имаат различна склоност кон инциденти, во зависност од своите психофизички карактеристики“. Од друга страна, пак, се претпостави дека лицето кое е склоно кон еден вид инцидент – е склоно и кон други инциденти, па и кон сообраќајни незгоди. Во таа смисла, оваа теорија тврди дека лицата кои се склони кон разни инциденти – се склони и кон сообраќајни незгоди. Врз основа на оваа аналогија, оваа склоност може да се мери и да се соопшти и пред првата сообраќајна незгода.

Теоријата на склоност протолкува разни практични проблеми и за првпат ја понуди можноста да ја измери склоноста на одделни лица кон сообраќајните незгоди, а врз основа на нивниот психофизички склоп и на други инциденти што ги имале во своето искуство. На пример, врз основа на анализата на психофизичките особини на личноста или врз основа на анализата на досегашните искуства (независно од сообраќајот), можно е да се определи склоноста на возачот кон сообраќајните незгоди и да се издвојат екстремно склони, средно склони и оние кои не се склони кон инциденти, па ниту кон сообраќајни незгоди. Во согласност со оваа теорија, од сообраќајот се елиминирани многу професионални возачи како небезбедни (мошне склони кон сообраќајни незгоди), иако тие никогаш немале сообраќајна незгода.

Сепак, оваа теорија забележа и бројни промашувања во толкувањето на одделните појави. На пример, се случуваше возач кој е прогласен за екстремно склон кон незгоди на подолг период (по поголема измината километража) да нема ниту една сообраќајна незгода и обратно. Затоа се пристапи кон усовршување и коригирање на оваа теорија.

**Spell теорија**

Spell теоријата тргнува од претпоставката дека личностите кои се склони кон еден инцидент – тие се склони и кон други, па и кон сообраќајни незгоди. Меѓутоа, оваа теорија, покрај психофизичките особини на личноста, ги зема предвид објективните околности во кои се наоѓа лицето. Оваа теорија тргнува од тоа дека „определено лице може да биде мошне склоно кон инциденти (и кон сообраќајни незгоди) во едни, но мошне безбедно во други околности“. На пример, лицето може да биде мошне склоно кон инциденти ноќе, друго лице рано наутро, третото лице е склоно во самрак, на дожд итн. Во овие објективни околности лицето е склоно и кон сообраќајни незгоди. Значи, оваа теорија ги спојува и ги уважува субјективните карактеристики на личноста и објективните

карактеристики на ситуацијата во која лицето вози (учествува во сообраќајот).

Би требало да се има предвид дека ова е само поедноставен приказ на четири теории или четири пристапи кон толкувањето на појавата на сообраќајни незгоди. Денес се развиени или се развиваат бројни теории на сообраќајните незгоди, но најголем број од нив потекнуваат од наведените четири теории.

Секоја фаза од развојот на безбедноста во сообраќајот се карактеризира со одредена теорија. Безбедноста во сообраќајот треба да се разгледува како симбиоза од сите четири теории во кои е важно и однесувањето на поединецот и секој треба да биде внимателен учесник бидејќи некогаш незгодите се случајни, некогаш повторливи, а секогаш се случуваат поради некакво невнимание. Секоја наведена теорија заслужува посебно внимание и има соодветно место во науката за безбедноста во сообраќајот, но и секоја теорија одделно зафаќа одреден сегмент, односно аспект на безбедноста во сообраќајот, давајќи соодветен теоретски придонес за унапредување на научната мисла. Токму затоа ниту една од фазите не може да биде издвоена и да биде посочена како појдовна или најзначајна основа за изработка на трудот, туку сите подеднакво или на соодветен начин покриваат различни прашања од исклучително значајното прашање на безбедноста во сообраќајот.

**Управување со сообраќајот**

Поимот „управување со сообраќајот“ се користи за да го опише процесот на приспособување на примената на постојниот сообраќаен систем во задоволување на специфични цели без да се преземаат суштински промени, како изградба на сообраќајници и слично. Оттаму, управувањето со сообраќајот е активност којашто се концентрира на мерки за ублажување на симптомите на сообраќајните проблеми, при што не се третира коренот на причините. Значи, тука не се работи за суштински промени во самата мрежа, како поставување, на пример, на кружни раскрсници,' или, пак, мерки како оданочување, добивање дозволи, кои директно влијаат врз сообраќајниот проток или типот на возила.

Главни цели на управувањето со сообраќајот се:

- Да се одржи и/или да се подобри квалитетот на превозните услуги на постојниот транспортен систем;
- Да се зголеми ефикасноста на постојниот транспортен систем;
- Да се подобри пристапот за пешаците и комерцијалните возила;

- Да се минимизира трошокот за подобрување на квалитетот на услугата, на ефикасноста на постојниот транспортен систем;
- Да се минимизираат несаканите влијанија врз околината од постојните сообраќајни објекти;
- Да се промовира саканото општествено и економско влијание на постојните транспортни објекти и услуги.

Ако не постои управување со сообраќајот, тогаш возачите ќе се обидат да изнајдат најдобар пат за себе по сообраќајната мрежа за да се движат на најбрз можен начин. Тие би имале слобода да ја користат мрежата за возење и за паркирање. Сообраќајното управување според својата природа е ограничување на слободата. Секој дел од управувањето е ограничување на движењето за некој вид сообраќај. Овие ограничувања спаѓаат во четири категории и тоа:

- Ограничувања на маршрутата: сите еднонасочни системи и прописите за забрана на влез се превенција за возачите да не ги користат оние маршрути, кои инаку би ги користеле.
- Ограничувања од типот давање на приоритет на минување:
- сите сообраќајни сигнали и останати прописи за давање приоритет на раскрсниците го попречуваат одвивањето на сообраќајот кој инаку би се одвивал.
- Ограничувања на паркирањето: ги спречуваат некои возачи да го завршат патувањето онаму каде што сакаат.
- Ограничувања на брзината: ја ограничуваат слободата на сообраќајот да се движи на брз начин.

Ако сообраќајното управување претставува ограничување што се однесува на движењето, тогаш се поставува прашањето - Кои се неговите цели? Без сомнение, цел е да се зголеми безбедноста на патната мрежа, да се олесни движењето на пешаците и да се промовира заштитата на животната средина. Но, главната цел е да се зголеми капацитетот на мрежата, што мора да се дефинира многу внимателно. Имено, не станува збор за зголемување на максималната проточност на мрежата, бидејќи таа во никој случај не функционира врз база на максимален проток, ниту, пак, едноставно, може да се зголеми просечната сообраќајна брзина. Познато е дека поголемите брзини привлекуваат повеќе сообраќај, којшто, пак, од друга страна, ја намалува брзината. Може да се размислува околу зголемување на брзината при којашто зададен тек може да се движи, или поинаку кажано, тек којшто може да се движи при дадена брзина. Но, ова, исто така, не е доволно добро, бидејќи сообраќајното управување речиси секогаш ги зголемува должините на патување.

Од овие причини, потребен е поинаков концепт, којшто би можел

да се нарече „воздушен“ однос на брзината и протокот. Тоа би значело дека сообраќајните брзини се мерат низ времето што му е потребно на возачот да стигне од изворот до целта на патувањето по воздушна линија. Ако може да се измери воздушниот однос на брзината и протокот, тогаш тоа би било многу добра мерка за ефективноста на сообраќајниот систем. За жал, од податоците на теренот не е можно да се измерат брзините по воздушна линија, така што на проблемот му се приоѓа на покласичен начин. Но, не е лошо да се има предвид дека ова е критериум со чијашто помош се оценува и просудува ефективноста на сообраќајното управување во смисла на зголемување на капацитетот.

Алатките, дејствата и средствата се земаат како елементи на сообраќајното управување. Тука ќе бидат систематски нумерирани според хронолошкиот редослед во којшто тие можат да влијаат врз едно хипотетичко патување коешто започнува од дома.

Постојат осум главни елементи (мерки) на управувањето со сообраќајот и тоа:

1. Мерка којашто влијае врз времето и местото на создавање на патувањето: поместување на работното време, наплата на градска патарина, дозвола за промена на намена на земјиштето и сл.
2. Мерки коишто влијаат врз изборот на начинот на патување: контрола на паркирање, системи „паркирај и вози“, заедничко користење на возила и сл.
3. Мерки коишто влијаат врз изборот на маршрутата и на контролата и набљудувањето на коридорот: водење по маршрути, контрола на пристап, детекција на инциденти на автопат и управување со нив.
4. Распределба на користење на сообраќајниците: еднонасочен систем, резервирани ленти за возилата на Јавното градско претпријатие, пешачки зони.
5. Контрола на раскрсници: работа на светлосните сигнали, сигнална координација.
6. Контрола на паркирање: временски ограничувања, водење на паркирање.
7. Мерки коишто директно влијаат врз безбедноста: контрола на брзината, контрола на раскрсниците, класификација на сообраќајниците.
8. Мерки што се директно насочени кон проблемите на зачувување на животната средина.

Како што се гледа од листата, постои широк избор од мерки. Ова е главната причина зошто воведувањето на шемата на управување со сообраќајот е многу тешка задача. Секој од елементите има своја врска

во смисла на интеграција. Со други зборови, еден елемент би требало да се интегрира со друг во процесот на воведување на шемата на управување со сообраќајот. На пример, контролата на паркирање би требало да се интегрира со мерките што влијаат врз изборот на начинот на превоз. Дополнително, мерките на сообраќајно управување би требало да се сметаат за краткорочни, а не долгорочни, бидејќи шемата на сообраќајното управување ги решава само симптомите, а не основата на сообраќајните проблеми. Исто така, управувањето со сообраќајот бара релативно кратко време и низок трошок на имплементација (воведување).

Управувањето со сообраќајот во градовите е витална и сложена задача. Тоа е од животно значење бидејќи треба да обезбеди цивилизирано постоење на мнозинството луѓе кои живеат во градовите. Задачата е сложена бидејќи сообраќајните проблеми се создаваат на долги патеки, низ доста неконтролирани процеси. Како резултат на ова, сообраќајното управување во градовите мора да се справува на краток рок со симптомите на долгорочен проблем. Меѓутоа, во ова, испресечениот (фрагментиран), некоординиран приод, не секогаш е ефикасен.

**Релација помеѓу управување на сообраќајот и смирување на сообраќајот**

Иако понекогаш изгледаат како единствена целина, управувањето на сообраќајот и смирувањето на сообраќајот претставуваат различни алатки и се однесуваат кон различни проблеми. Управувањето на сообраќајот вклучува традиционални средства за контрола на сообраќајот, со цел да се управуваат тековите и патеките на движење (маршрутите). Смирувањето на сообраќајот се занимава со прашањето - Што е она што се случува кога сообраќајот е веќе на улица? На пример, ограничувањето на пристапот до улицата (влез само од едниот крај) може да го намали сообраќајот на таа улица, но со тоа нема да се влијае на брзината. Често пати смирувањето и управувањето на сообраќајот се комплементарни (различни, но се надополнуваат).

Локалната заедница треба да размислува за сообраќајот во поширока смисла. Ако има интензивен сообраќај на која било сообраќајница, тоа би можело да значи дека има интензивен сообраќај насекаде. Во овој случај, потребни се сеопфатни стратегии за намалување на сообраќајот, во смисла на охрабрување и обезбедување на алтернативни начини на патување (развој на пешачки и велосипедски мрежи, примена на управување со побарувачката, подобрување на јавниот превоз, подобрување на планирањето на користење на земјиштето). Во секој случај, смирувањето и управувањето на

сообраќајот треба да се постават од многу широка перспектива. Проблемот не смее да се риместува од една на друга сообраќајница. Иако воведувањето на мерките се одвива во фази, сепак, треба да се има целосен план, при што во голем дел ќе бидат вклучени и граѓаните.

**Превенција во сообраќајот**

Активности во превенцијата во сообраќајот имаат сите надлежни органи и служби кои имаат за цел намалување на бројот на случени сообраќајни незгоди и на нивните последици. Сепак, се чини дека најголемата улога ја има Министерството за внатрешни работи, кое презема најопсежни мерки за следење и контрола на сообраќајот. Според Липовац (P. Lipovac, Ibid, str 313 2008) непосредната контрола на сообраќајот, откривањето и санкционирањето на прекршоците, превентивно влијае и придонесува за унапредување на ставовите и однесувањето во сообраќајот. Липовац ги поврзува превентивните со пропагандните активности во сообраќајот и ги препознава следните активности како најважни за полицијата: (P. Lipovac, Ibid, str.313ß322 2008)

- Снимање и следење на обележјата на безбедноста во сообраќајот;
- Информирање на граѓаните за состојбата на безбедноста во сообраќајот;
- Помош и поддршка на другите субјекти во безбедноста во сообраќајот;
- Активно учество во подготвување на стратегијата за безбедност во сообраќајот;
- Реализација на посебни програми со ризични и најзагрозени групи;
- Учество во сообраќајното образование и воспитување;
- Помош и учество во кампањите за безбедност во сообраќајот;
- Останати превентивно-пропагандни активности за безбедност во сообраќајот.

*Снимањето и следењето на обележјата на безбедноста во сообраќајот* подразбира контрола на сообраќајот, контрола на работата на значајните субјекти во безбедноста во сообраќајот (автошколите, центрите за полагање возачки испити, станиците за технички преглед и др.), како и водење евиденции за значајните обележја на безбедноста во сообраќајот (за возачи, за возила, за сообраќајните прекршоци, за сообраќајните незгоди и др.).

*Информирање на граѓаните за состојбата на безбедноста во сообраќајот* е од особена важност за развој и унапредување на

состојбата со сообраќајните незгоди, а, пред сè, се однесува на достапноста на податоците со кои располага полицијата, особено во однос на:

- Доставување на информации до надлежните стручни и научни институции, државните органи и останатите субјекти;
- Периодични (дневни, неделни, месечни, полугодишни и годишни) извештаи за состојбата на безбедноста во сообраќајот (конференции за јавноста, соработка со медиумите, официјални информации и други облици на информирање);
- Печатење на статистички податоци во вид на стручни трудови, извештаи и билтени.
- Помош на стручните лица при изработка на проекти, студии, истражувања итн.

*Помошта и поддршката на другите субјекти во безбедноста во сообраќајот* се однесуваат на:

- Помош на субјектите кои работат на обука на возачи, полагање на возачки испити, технички прегледи, одржување на патиштата, превозот, стручните здруженија, невладините и другите организации кои имаат активности во делот на безбедноста во сообраќајот;
- Преземање на заеднички активности на полицијата со други органи насочени кон зголемување на нивото на безбедност на сообраќајот и
- Учество и насочување на активностите на другите субјекти.

*Активно учество во подготвување на стратегијата за безбедност во сообраќајот* подразбира дека полицијата има значајна улога во оваа активност. Полицијата особено би требало да помогне во дефинирањето на проблемите во безбедноста во сообраќајот, во подготовката на динамичкиот план на кампањата, како и во согледување на ефектите на кампањата и др.

*Реализација на посебни програми со ризични и најзагрозени групи* подразбира активности со млади возачи, соодветно законско ограничување на нивното учество во сообраќајот, мерки за заштита на пешаците како што се зајакнатите контроли во месеците: април, мај, септември и октомври, кои претставуваат месеци за зголемена грижа за пешаците итн.

У*чество во сообраќајното образование и воспитување* е превентивна активност која ја спроведува полицијата за децата уште од најмала возраст. Презентациите и дружењето со децата започнува уште во предучилишна возраст, за да продолжи потоа преку запознавање на првачињата со основните правила во сообраќајот, запознавање со

најбезбедниот пат од домот до училиштето. Особено значајни се натпреварите во познавање на правилата и вештините за управување на велосипеди и велосипеди со мотор кои се организираат на регионално, републичко и меѓународно ниво.

Националната стратегија на Република Северна Македонија за унапредување на безбедноста на патиштата[113] препознава повеќе мерки и активности кои се однесуваат на превенцијата во сообраќајот. Особено се потенцира значењето на превентивата преку следење и контрола на сообраќајот и преземање на мерки и активности за санкционирање на одредени видови потешки прекршоци, како што се брзината на движење, управувањето возило под влијание на алкохол, неправилното престигнување и разминување итн.

Проблемите поврзани со сузбивањето на сообраќајната деликвенција се комплексни како што е и сообраќајот сложена и комплементарна појава. Во согласност со сфаќањето на поимот сообраќајна деликвенција сузбивањето и превенирањето на оваа појава не може да се потпре врз класичните концепции на криминалната политика применлива кај другите видови криминалитет и деликвенција. Овој концепт, како што вели Шапаровиќ, треба да тргнува од правото на безбедност во сообраќајот на секој учесник во него како општо право и поединецот и гледиштето на безбедноста како израз на нарушување на истото. На таа основа тој се залага за реалистичко поставување на стандардите на безбедност.

Во согласност со општиот пристап кон оваа појава, превенцијата на сообраќајната деликвенција треба да ги опфати сеопштите претпоставки и услови што ја опишуваат безбедноста во сообраќајот во согласност со достигнатиот степен во неговиот општествен, економски, техничко-технолошки и културен развој на едно општество. Тоа подразбира дека превенцијата мора да биде поставена врз програми и целосен пристап што ќе ги опфати претпоставките во вид на правила за однесување, местото на сите општествени фактори и носители на превенцијата. Овој опсег на превенција подразбира поставување на евиденција и обработка на податоци за состојбите и движењата во безбедноста на сообраќајот на патиштата, користење на собраните податоци за изработка на конкретни програми; елементи на содржината на превенцијата и остварување на програмите со постојано следење и мерење на ефектите што се постигнуваат со нивната примена. Во Република Северна Македонија во тек е подготовка на модел на превенција во сообраќајот на патиштата. Овие процеси секогаш подразбираат поставување на превенцијата на две нивоа:

[113] Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, 2008.

- Спречување на сообраќајните несреќи како општа политика за одржување на сигурноста во сообраќајот, несреќите и смалување на бројот на деликтите во прометот со најразлични средства иСпречување на бројот со појава на општествена дисциплина во прометот со специфични средства на репресија и превенција.

Со цел да се истакне научната работа на превенцијата се изнесуваат заклучоците до кој е дојдено од страна на Институтот за научни истражувања на сообраќајните несреќи на Универзитетот во Станфорд во Соединетите Американски Држави, во студијата „Драстични мерки за намалување на бројот на загинатите во сообраќајните несреќи“ спрема која би требало, во општата кампања за поголема сигурност во сообраќајот, нацијата да може да отстрани 95 % од несреќите што би значело да се спасат 45.000 човечки животи годишно, доколку:

- Би се одземала возачката дозвола на лицата помлади од 21 година[114] и лицата постари од 70 години[115]. Им се одзема возачката дозвола на лицата кои возат во пијана состојба.
- Се намали брзината на сите сообраќајници за 20 % за разлика од брзината со која денес се вози, на тој начинпросечниот возач би поминал дневно зад воланот 11 минути подолго, што, секако, може да се постигне со позачестени полициски контроли.
- Би се пристапило кон усовршување на патиштата, не само што ќе се зајакне сигурноста туку ќе се прошири и мрежата на патиштата, ќе се зголеми капацитетот за да се одбегне „целосно блокирање“ на преголемиот број автомобили.
- Се преземат драстични мерки во однос на конструкцијата на автомобилите, при што би се примениле опсежни нормативни зафати, со задолжителна промена на прописите за сигурност на автомобилот. Конструкциското усовршување на автомобилот би можело да го намали бројот на загинатите во сообраќајни несреќи за 1/3.

„Накратко, со цел да се успее во превенирањето на сообраќајните несреќи потребно е да се следат две основни правила, односно придржување кон сообраќајните прописи и кога ни се чини дека тоа не е неопходно, како и водење на сметка за однесување на другите и откажување од своето право кога гледаме дека другите неправилно се

[114] Кои имаат учество во сообраќајни несреќи од 40 %.

[115] Кои ги има 4,5 милиони во Соединетите Американски Држави.

однесуваат во сообраќајот“ (Б. Мургоски, Мургоски, Б., Превенција во сообраќајот, Предавање, стр.1-4. n.d.).

Секој учесник во сообраќајот има подеднаква одговорност во превенирањето на безбедноста во сообраќајот. (Јолакоски 2014) Секој од различен аспект има обврска да се грижи за личната безбедност и за безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Не постои издвоена категорија која има повеќе права или обврски во сообраќајот, ниту, пак, постои тенденција некои учесници да се издвојат како позначајни од другите. Сепак, постои уверувањето дека пешаците се најранливата категорија за чија безбедност е потребна дополнителна грижа и заштита. Токму затоа и целта на овој трудот е да го рефлектира исклучително значајното прашање за безбедноста на пешаците.

## ЗАКЛУЧОК

Безбедноста на сообраќајот на патиштата претставува состојба на оптимално, нормално одвивање на сообраќајот и на заштитата на учесниците и материјалните добра во сообраќајот, со елиминирање на можните извори на опасност или нивна контрола во однапред поставени граници. Во современите услови на живеење безбедноста во сообраќајот е еден од најкомплексните проблеми на општественото живеење на кој влијаат многу фактори. Во структурата на сообраќајниот систем (човек-возило-пат-околина) според криминолошките истражувања сѐ уште доминантен е субјективниот фактор, односно возачите како активни причинители на разновидни состојби на загрозувања, опасности и сообраќајни несреќи (Б. Мургоски 2013).

Безбедноста во сообраќајот предизвика сѐ поголем интерес како на стручната така и на научната јавност. Речиси и не постои државен орган, институција, па и невладина организација која не остварува дел од своите дејности во областа на сообраќајот. Радува фактот што ниту научната јавност не е надвор од случувањата и сѐ почесто се организираат научни и стручни конференции кои имаат за цел промовирање на научната мисла за безбедноста во сообраќајот и развивање на нови и современи модели и техники за контрола и регулирање на истиот.

Развивањето на теориите за безбедност во сообраќајот, како и искуствата кои се стекнуваат со развојот на напредокот на сообраќајната техника, води кон соодветни и правилни препораки за зголемување на нивото на безбедност на патиштата. Новите технологии во автомобилската индустрија, повисоките стандарди за изградба на патиштата, како и сѐ поголемата свест кај возачите и останатите учесници во сообраќајот треба да резултира со намалување на бројот на

случени сообраќајни незгоди и намалување на последиците од истите. За да се постигнат овие цели потребно е и соодветно и квалитетно управување во сообраќајот за што треба да се издвојуваат доволно средства, како финансиски така и материјално-технички. Сето тоа води и кон развивање на квалитетни политики за превенција во сообраќајот, особено преку зајакнување на контролата од страна на полицијата и другите државни органи, кампањи за зголемување на свесноста кај сите учесници во сообраќајот итн.

Националната стратегија на Република Северна Македонија за унапредување на безбедноста на патиштата[116] препознава повеќе мерки и активности кои се однесуваат на превенцијата во сообраќајот. Особено се потенцира значењето на превентивата преку следење и контрола на сообраќајот и преземање на мерки и активности за санкционирање на одредени видови потешки прекршоци, како што се брзината на движење, управувањето возило под влијание на алкохол, неправилното престигнување и разминување итн.

Безбедноста на сообраќајот во светот и кај нас се проценува како едно од прашањата кои бараат перманентно решавање. Секојдневно плаќаме многу висока цена од добробитноста на современиот, динамичен, моторизиран и немоторизиран патен сообраќај. Сообраќајот и неговата безбедност имаат големо општествено влијание, особено од аспект на човекот како поединец - учесник во сообраќајот, потребни се мерки и активности за негова поголема заштита и изградба на патишта и други сообраќајни површини кои ќе овозможат поголема безбедност во сообраќајот. За организирана, смислена, адекватна, рационална и ефикасна општествена реакција на негативните општествени појави во патниот сообраќај, посебно на сообраќајните несреќи, нужно е да се познаваат етиолошките, феноменолошките и другите карактеристики на овие појави. Основа на секоја активност за превенирање и сузбивање на сообраќајните несреќи треба да биде објективната процена на состојбите и јасно дефинираните услови во кои тие се појавуваат.

Комплексното влијание на субјективните и објективните фактори можат да се објаснат само врз основа на сознанијата на науката и научната методологија. Во спротивно, превенцијата се заснова на декларации и неизучени мерки кои не можат да го надминат ограничениот, рутински и неефикасен начин на решавање на многубројните сложени состојби (Б. Мургоски, Полицијата и безбедноста во патниот сообраќај (докторска дисертација), Факултет за безбедност, стр. 5. 2003).

[116] Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, 2008.

## РЕФЕРЕНЦИ

1.Berman, Eli. 2009. *Radical, Religious, and Violent: The New Economics of Terrorism.* Cambridge: Cambridge, MA: MIT Press.

COUNTERTERRORISM, BUREAU OF. 2019. *Country Reports on Terrorism 2019.* Accessed Nov 05, 2020. https://www.state.gov/reports/country-reports-on-terrorism-2019.

Edward F. Mickolus, Todd Sandler, and Jean M. Murdock. 1980. *International Terrorism in the 1980s: A Chronology of Events, vol. 2, 1984-1987.* Iowa State University Press.

Hartley, Todd Sandler and Keith. 1995. *The Economics of Defense.* Cambridge University Press.

Libicki, Seth G. Jones and Martin C. 2008. *How al-Qaida Ends, How Terrorist Groups End: Lessons for Countering al Qa'ida.* Santa Monica, CA: Rand.

Lipovac, P.K. 2008. *Ibid, str 313.*

—. 2008. *Ibid, str.313ß322.*

Lipovac, P.K. i Jelinovic, Z. 2008. *Bezbednost saobracaja, str.27.* Beograd.

Mickolus, Edward. 2016. *Terrorism Worldwide.* Jefferson, NC: McFarland.

Pape, Robert A. 2005. *On the average carnage of suicide bombings.*

Phillips, Brian J. 2015. *What is a Terrorist Group? Conceptual Issues and Empirical Implications, "Terrorism and Political Violence" 27 (2), 225-242.*

Sambanis, Nicholas. 2008. *Terrorism and Civil War in Terrorism, Economic Development and Political Openness.* New York: Cambridge University Press.

Sandler, Todd. 2010. *Terrorism Shocks: Domestic versus Transnational Responses.*

—. 2018. *Terrorism what everyone needs to know.* Oxford University Press.

Sandler, Walter Enders and Todd. 2012. *The Political Economy of Terrorism, 2nd ed.* New York: Cambridge University Press.

2019. *United States Department of State Publication.* Accessed November 10, 2020. https://www.state.gov/wp-content/uploads/2019/11/Country-Reports-on-Terrorism-2018-FINAL.pdf.

Walter Enders, Todd Sandler, and Khusrav Gaibulloev. 2011. "Domestic versus Transnational Terrorism: Data, Decomposition, and Dynamics." *Journal of Peace research 48(3),* 355-371.

Јолакоски, Стевчо. 2014. *Значењето на средствата за смирување на сообраќајот во насока на подобрување на безбедноста на секундарната патна мрежа (безбедносно – практичен и економски аспект), (докторска дисертација).* Скопје.

Мургоски, Б. 2003. *Полицијата и безбедноста во патниот сообраќај (докторска дисертација), Факултет за безбедност, стр. 5.* Скопје.

—. 2013.

Мургоски, Б. и други. 2013.

Мургоски, Б. n.d. *Мургоски, Б., Превенција во сообраќајот, Предавање, стр.1-4.*

n.d. *Национална стратегија на РСМ за борба против тероризам (2018-2022).*

патиштата, Републички совет за безбедност на сообраќајот на. 2008.

РСМ, Јавно обвинителство на. 2018. Ноември 2. Accessed Ноември 01, 2020. http://jorm.gov.mk/proshirena-istraga-za-krivichno-delo-uch/.

РСМ, Службен весник на. 2014. "број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, ."

# ЦИКЛУС НА ПОЛИТИКИ НА ЕУ

## инволвираност на Република Северна Македонија

Билјана Чадиковска Тунтева,
Министерство за внатрешни работи
Началник на Одделение за Европол при СМПС

E:mail: Biljana_tunteva@moi.gov.mk

**АПСТРАКТ**

**Циклусот на политики на ЕУ** е методологија донесена во 2010 година, од страна на Европската Унија која овозможува стратешки и оперативен пристап во активностите за сузбивање на приоритетните закани предизвикани од организиран и сериозен меѓународен криминал во Европската Унија. Циклусот се реализира на кохерентен и методолошки начин преку зајакнување на соработката помеѓу релевантните служби на земјите членки на ЕУ, институциите и агенциите на ЕУ, како и трети земји и организации (јавни и приватни) во партнерски пристап.

**Клучни зборови**: ЕУ, методологија, циклус на политики

**ВОВЕД**

Клучни карактеристики на Циклусот на политики на Европската Унија се:

-Разузнавачко насочен пристап базиран на контрола на криминалот преку идентификација, анализа и справување со развојните ризици на криминалот;

-Интегриран карактер: најдобро користење и усогласување на придонесот на сите мулти-агенциски учесници од земјите членки, институциите и агенциите на ЕУ, релевантни трети земји и организации;

- Мултидисциплинарен, интегриран и интегрален пристап кој се однесува на сите нивоа на дејствување со употреба на мерки и активности од превентивна и репресивна природа, како и проактивни и реактивни мерки и стратешки (насочени кон заканата) и оперативни (насочени кон организираните криминални групи/мрежи и криминалци) активности.

Секој циклус на политики трае четири години и ја оптимизира координацијата и соработката за насочени активности за одредени приоритети на криминалот кои се таргетирани. Криминалните закани се идентификувани врз основа на кривично разузнавање и политичка согласност за реализација. Во текот на циклусот, сите засегнати страни, на национално и ниво на Европската Унија, потребно е да извршат распределба на ресурси и меѓусебно зајакнување на напори за спроведување на активности.

Во 2010 година Европската Унија воспостави повеќегодишен циклус на политики, чија цел беше да се осигури дека во борбата против меѓународниот сериозен и организиран криминал постои ефективна соработка помеѓу органите надлежни за спроведување на законот на земјите членки на ЕУ, институциите на ЕУ, агенциите на ЕУ и релевантни трети партнери а заради кохерентно и сеопфатно оперативно дејствување, насочено кон најкритичните криминални закани со кои се соочува ЕУ.

